**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 437-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 18.04.2023 година**

Седницата се одржа на ден 18.04.2023 година со почеток во 9,43 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Лорета Горгиева, член;**
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **Мери Радевска**, член; поради користење на годишен одмор
- **Зоран Герасимовски**, член, поради користење на годишен одмор
- **Павлина Црвенковска**, член; поради користење на годишен одмор

Присутни од стручната служба:

- **Ален Раденковиќ**,
- **Емилија Николиќ**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на :

- Преставник од Институт за човекови права
- Претставник од Коалиција сите за правично судење

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата **претседателот на Советот Весна Дамева** го прочита Дневниот ред предложен за денешната 437-ма седница на Советот.

**Претседателот на Советот** предложи Дневниот ред за 437-та седница, да се дополни со нови точка – „Донесување на одлука за мирување на судиска функција на судија“ која да се разгледа како трета точка од Дневниот ред. Воедно, истакна дека за денешната седница имала намера да предложи како точка на Дневен ред да се разгледа и одлуката за ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно за 2023 година, поради законската обврска за донесување на оваа одлука, но бидејќи еден од членовите на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно за 2023 година бил отсутсутен од работа изминатиот период побара комисијата да се состане и материјалите да бидат изготвени.

**Членот на Советот Мирсад Сурој**и – член на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно, изјави дека поради користење на годишен одмор бил отсутен од работа од кои причини, како и поради ажурност бара 10 минути пауза заради консултација со членовите на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека и покрај околноста што се работи за утврдување ориентациона норма која ќе се однесува за цела 2023 година, иако на денешната седница можело да се одлучува, предложи од оправдани причини ова точка да се одложи и да се разгледува на седницата која ќе биде закажана за 26.04.2023 година.

**Членот на Советот Мирсад Сурој**и – член на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно истакна дека не предлага одлагање на точката, туку само бара 10 минути пауза поради консултација со колегите од комисијата.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** побара оваа точка да се разгледа на наредната седница од причини што по однос на оваа точка не се добиени материјали, па од тие причини комисијата и да се состане, членовите на Советот немаат можност да го видат материјалот и да се запознаат со истиот.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** како член на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно појасни дека и покрај отсуство на еден член на комисијата, но во координација со истиот, материјалите се веќе разгледани и е дискутирано по однос на ова прашање. Се сопгласува со ставот на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова да се види целокупниот материрал од причини што има некои измени, дополнувајќи дека материјалите се готови.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека доколку материјалите се готови членовите на Советот треба да ги имаат на увид,

од кои причини и не е прифатено барањето на членот на комисијата Мирсад Сурој за пауза, ниту разгледување на оваа точка на денешната седница бидејќи нема

можност членовите на Советот да се запознаат со материјалите. Дополни дека наредната седница ќе биде закажана за 26.04.2023 година и на таа седница ќе се разгледуваат материјалите кои се однесуваат на утврдување на ориентационата норма. Упати барање материјалите да бидат подготвени час поскоро.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** – во својство на претседател на комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети кој треба да ги реши судијата месечно за 2023 година истакна дека материјалите не се доставени од оправдани причини. Дополни дека истите се разгледани од двата члена на комисијата, тој како претседател и членот на комисијата Сашко Георгиев и дека во четвртокот биле подготвени. За причините зошто не се доставени за денешната седница истакна дека можеби се работи за технички пропусти. Истовремено истакна дека во предлог одлуката за ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно нема драстични промени, освен во делот на нормата која се однесува за Управниот суд, каде има предлог нормата да се намали. По однос на другите судови истакна дека некои судови не предлагаат промени, а каде што се предлагаат промени, пред се од Основниот кривичен суд и Основниот граѓански суд предлозите се минимални, во смисла ако биле 12 предмети се бара да бидат 11. Поради наведеното предложи оваа точка да се разгледа како последна точка од Дневниот ред за денешната седница, материјалите да се поделат на членовите на Советот и денес да се одлучи.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека доколку материјалот е доставен последниот работен ден од минатата недела имајќи го предвид фактот дека вчерашниот ден истотака бил неработен, како и околноста дека се работи за ориентациона норма за цела 2023 година врз основа на која судиите ќе бидат оценувани, смета дека нема потреба од брзање дотолку повеќе што се работи за 5 дена кога ќе биде закажана следната седница на Советот. Остави Советот да одлучи дополнувајќи дека може да се даде и пауза од 1 час, но дека ќе треба да се направи детална анализа. Побара од членовите на комисијата да се разгледа матаријалот и да се достави најдоцна до утре како би имале можност членовите на Советот да го проучат материјалот.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи повлекување на записникот од 435-та седница одржана на 22.03.2023 година од причина што единствено овој записник е направен надвор од воспоставената пракса, истиот е цитиран без да е запазена формата, со технички грешки, со наводи кои навистина не ......, односно не е направен во онаа форма како што било укажано и како што се прават сите записници. Дополни дека кога еден записник се објавува на WEB страна треба да биде унифициран, дека сите записници претходно, седум што ги потпишала и оној од 434-та седница кој е ставен на

усвојување на денешната седница биле со идентична содржина како што е укажано на Генералниот секретар и дека единствено овој записник отскокнувал и воопшто не е разбирлив. Поради наведеното **Претседателот на Советот** предложи записникот да биде повлечен од денешната седница и истиот да биде подготвен за наредната седница, да не се одлагаат записниците бидејќи треба да се објавуваат на WEB страната во наративна форма.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека останува на предлогот што претходно го кажал по однос на ориентациона норма. Воедно, предложи после 7 точка, Дневниот ред да се дополни со нова точка – „Одлука за објавување на оглас за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар“.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на објавување на огласи е разговарано на работен состанок при што е договорено координаторите, односно работната група да достави извештај од кој да се види во кои судови, апелациони, највисокиот суд, вклучувајќи го и Вишиот управен суд има потреба од огласи. Дополни дека на тој состанок членот на Советот Мери Радевска размислувала и за Апелација Гостивар и имала направено некои анализи и за Апелационен суд Штип, но денес е отсутна. Во таа насока постави прашање: - „Дали извештајот на работната група е поднесен, доколку не кога ќе биде поднесен ?

**Членот на Советот Сашко Георгиев** во својство на претседател на работната група која ќе изврши детална анализа по однос на бројот на потребни судиски места и судски службеници по судови во Република Северна Македонија истакна дека за извештајот се потребни многу податоци, дека е стапено во контакт со колегата Тапчановски и дека се работи и се бараат податоци, но извештајот сеуште не е завршен. Дополни дека за извештајот се битни и некои статистички податоци од пописот кои се земаат предвид, за сожителство. Смета дека приоритет се апелационите судови и очекува дека во најскоро време извештајот ќе биде готов. Во таа насока дополни дека се состанал со членовите на Советот Миљазим Мустафа и Лорета Горгиева кои се членови на работната група дека работат и дека мисли дека во најскоро време ќе биде. Дополни дека во работата е вклучен и државниот советник Емилија Николиќ, која директно го работи делот на прибирање на податоци од Тапчановски.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека смета дека по однос на наведениот извештај треба да се има предвид и бројот на предмети, а не само жители**.**

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека се работи за прилично опсежна работа, па за да се има нешто конкретно и издржливо треба да се имаат податоци спрема жителство, спрема број на предмети,, спрема предвидени работни места по систематизација, за пополнети места, па за кривичен суд, граѓански суд, односно дека многу параметри се во прашање. Дополни дека во групата е земен и државниот службеник Ален Раденковиќ со цел податоците да ги внесе во ЕКСЕЛ табели и дека работната група се обидува најбрзо што може да се заврши работата. Во таа насока имајќи ги предвид и обврските на колегите кои се вклучени во работната група, истакна предлог да се даде приоритет за наредните 3-5 дена да се заврши работата при што на располагање да биде и државниот советник Тапчановски со цел со тие податоци да се заврши конечно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека бидејќи Советот врз основа на објавен оглас не избрал 2 судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, за кривичниот оддел и дека има повторно барање од претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија за потребата од граѓански судии, како и дека има барање и од членот на Советот Мери Радевска за Апелационен суд

Битола, дека има неопходна потреба. Дополни дека ова го дискутира во врска со предложената точка на Дневен ред за избор на 1 судија во Апелационен суд Гостивар дополнувајќи дека смета дека денес нема услови да се објави оглас само за Апелационен суд Гостивар бидејќи ќе оди паралелно за сите судови.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** процедурално изјави дека кога има предлог потребно е истиот да се стави на гласање, а потоа Советот ќе цени дали има или нема услови. Смета дека неможе да се ставаат во ист ранг огласот за Апелационен суд Скопје кој е сеуште отворен и нема извршено избор на 8 судии и за овој суд повторно да се објавува нов оглас, наспроти Апелационен суд Гостивар каде се е завршено.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во реплика изјави дека и за Врховниот суд на Република Северна Македонија, за кривичниот оддел не се избрани судии од кои причини ако е нешто неопходно денес треба тој оглас само за кривичните судии.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на изготвување на анализита за потребен број на судиски места истакна предлог работната група да се фокусира на четирите апелациони судови и за Врховниот суд на Република Северна Македонија со оглед на околноста што за основните судови веќе има друга Комисија која извршила анализа и дала предлози поради што не станува збор за интерес од приоритет. Се обрати до членовите на Судскиот совет Миљазим Мустафа и Лорета Ѓоргиева како членови на работната група да се даде приоритет на апелационите судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија и за нив да се изготви извештај.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека смета дека дури и да се оди со дополнителен извештај првиот да биде за Врховниот
суд, Вишиот управен и четирите апелациони судови, а дополнителниот да биде за основните судови.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека го проширува предлогот за објавување на оглас за избор на судии така што покрај огласот за избор на 1 судија во Апелационен суд Гостивар да се објави и оглас за избор на 2 судии во Апелационен суд Штип имајќи предвид дека во овој суд истотака состојбата е алармантна. Дополни дека по однос на Апелациониот суд Штип очекувал предлог за објавување на оглас да даде членот на Советот Сашко Георгиев.

**Претседателот ан Советот Весна Дамева** постави прашање: „Кој е координатор за работата на Апелационен суд Штип ?. Истакна дека незнае од каде произлегол предлогот за распишување на оглас за избор на судии и во Апелационен суд Штип без да има подготвен извештај и без координаторот ова да го каже. Наведе дека навистина не и е јасно од каде произлегол предлог за 2 судии во Штип, можеби е еден, можеби тројца....

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека останува на предлогот имајќи го предвид фактот дека Апелациониот суд Штип се наоѓа во таква состојба што до

крајот на годината може да остане само со тројца судии, па оттука произлегува предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е во ред, доколку останатите членови имаа некои податоци врз основа на некои сознанија.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** процедурално по однос на предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели за избор на еден судија за Апелационен суд Гостивар изјави дека можеби има потреба за избор на судија во Апелационен суд Гостивар, но за ставање на точка на Дневен ред за избор на судии во било кој апелационен суд, покрај комисијата што работи, смета дека секој координатор на четирите апелациони судови треба да излезе со извештај за конкретна состојба во судовите за да Советот пристапи кон избор. Истакна дека „вака да кажам напамет"... објавување на оглас за двајца судии во Штип и еден судија во Гостивар, незнае врз основа на што би можел Советот да донесе одлука, од причини што не е само предлагање на точка на Дневен ред – избор, туку истото треба да биде проследено со конкретни податоци.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** во реплика изјави дека имајќи ги предвид податоците, како членови на Судски совет без разлика дали има координатор на некој суд и другите колеги, односно членови ги следат работите. Дополни дека чекајќи ги координаторите Апелационен суд Штип е доведен во таква состојба да моментално работат пет судии, а до крајот на годината тројца и дека незнае како тогаш Советот ќе се справи.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање зошто не се смета за потребно да се објави оглас и за избор на двајва судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија кога таа потреба е констатирана, година, година ипол наназад. Констатира дека во овој момент не се предлага избор на кривични судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија иако тоа е точка која не е помината.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** процедурално изјави дека Претседателот на Советот неможе да му налага на член на Судскиот совет што да предлага. Членот мисли дека треба да се предложи избор на судии во Апелационен суд Гостивар и тоа го предлага, дополнувајќи дека доколку Претседателот на Совет мисли дека треба да се распише оглас и за избор на судии во Врховен суд на Република Северна Македонија, дека треба тоа да го предложи, а Советот ќе поддржи.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека како координатор за Врховен суд на Република Северна Македонија ја знае состојбата во овој суд и дека состојбата не е толку алармантна како што е во Штип или во другите судови.

**Претседател на Советот Весна Дамева** потсети дека координатор на Врховниот суд на Република Северна Македонија е судијата Зоран Герасимовски..... времињата се менуваат .

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека претходно тој бил координатор.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна да биде како сметаат членовите кои го дале предлогот врз основа на нивни сознанија, а дека свој предлог ќе даде на наредната седница. За таа цел побара од претседателот на работната група за изготвување на анализа за потребен број на судии, Сашко Георгиев да се побрза со изготвување на анализата, како би можело наредната или евентуално понаредната седница да се распишат заеднички огласи за сите судови, апелациони Врховен суд на Република Северна Македонија и Виш управен суд, а не вака да има селективни огласи за одредени судови.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** побара разбирање за тимот со кој работи, истакнувајќи дека се потребни два дена.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе бидат овозможени сите услови... за да не се оди селективно и да биде распишан оглас за сите апелациони судови според потребите и утврдените факти.

Во продолежение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека прво ќе го стави на гласање предлогот на Дневен ред истакнат од нејзина страна, а потоа предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели за распишување на оглас за избор на судии во Апелационен суд Штип и Апелационен суд Гостивар .

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** процедурално истакна дека најнапред треба да се стави предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели кој доколку помине треба да стане составен дел на Дневниот ред предложен за денешната седница, па потоа да се гласа за Дневниот ред. Смета дека неможе прво да се гласа за Дневниот ред, па потоа за предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели да се распише оглас за избор на 1 судија во Апелационен суд Гостивар и 2 судии во Апелационен суд Штип .

По гласањето констатира дека предлогот е усвоен со 6 гласа „За“ и 4 гласа “Против“ и дека е донесен одлука со која предлогот се прифаќа

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека предлогот не доби доволен број гласови

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** процедурално изјави дека се знае како се донесуваат одлуки во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно чл.38 ст.8 од Законот за Судскит совет на Република Северна Македонија, Советот ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас доколку со овој закон поинаку не е определено. Допони дека имајќи го во предвид цитираниот став 8 од чл.38 од Законот дека смета дека одлуката е донесена. Побара од

членовите на Судскиот совет доколку некој има поинакво размуслување да се произнесе сега, да не биде дека претседателот на Советот сам.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** процедурално изјави дека има Закон и Деловник, дека се знае како се донесуваат одлуки во Судскиот совет на Република Северна Македонија и дека нема што да се размислува, гласано е и готово.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** појасни дека поаѓајќи од одредбата **–** „доколку со овој закон поинаку не е определено“, од тие причини побарала произнесување, да не има некој друг член од законот кој не и е познат и да се произнесат останатите членови бидејќи имало реакции.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели е прифатен со 6 гласа „За“ и 4 гласа „Против“.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** се јави за збор и истакна дека од причини шти неможел да ги отвори и прочита материјалите за точка 8 од предложениот Дневен ред и незнае за какви материјали се работи предлага 8-та точка од Дневниот ред која сега е 9-та точка да се повлече од Дневниот ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека 8-та, односно сега 9-та точка од Дневниот ред е формирање на комисии на известители за утврдување одговорност на судија или претседател на суд. Дополни дека смета дека за оваа точка од Дневниот ред материјалите во целост треба да се доставени до Комисијата, а дека денес само се формираат комисии, дека овие постапки се од итен карактер и се доверливи и дека не гледа причина за повлекување на точката од Дневен ред, но сепак предлогот на Заменик претседателот на Советот Селим Адеми ќе го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 6 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ е донесена одлука со која точката 9 – „Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија или претседател на суд“ се повлекува од дневниот ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолежение откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не се јави за збор истакна дека ќе се премине на гласање на Дневниот ред за денешната седница со предложените измени и дополнувања, на начин што по 2-та точка ќе следи новопредложената 3-та точка – „Донесување на одлука за мирување на судиска функција на судија“, а точките 3,4,5,6,7,8, и 9 ќе се поместат за една точка нанапред и ќе се разгледуваат како 4-та,5-та,6-та,7-ма,8-ма,9-та и 10-та точка од Дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев** со констатација дека по донесување на одлуката да распишување оглас за избор на 1 судија во Апелационен суд Гостивар дека е беспредметно изготвување на анализа за потребен број на судиски места во овој суд.

**Претседателот на Советот** истакна дека нема материјали и неможе да се разговара, но дека поминала одлуката за распишување на оглас за избор на судија во Апелационен суд Гостивар и дека тоа е одлука на Советот која не се спори, со дополнение дека истотака не се спори и предлогот за повлекување на точката за формирање на комисии на известители каде што граѓаните очекуваат да се завршуваат побрзо работите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложениот Дневен ред со измените и дополнувањата го стави на гласање. По однос на записникот од 435-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 22.03.2023 година истакна дека се повлекува, со барање веднаш, за наредната седница да биде изготвен во наративна форма и да биде усвоен.

**За збор се јави членот на Советот Лорета Ѓоргиева**. Истакна дека не се согласува со предлогот записникот од 435-та седница да биде повлечен од денешната седница. Смета дека токму тој записник ја одразува реалната фактичка состојба и е изготвен врз основа на тонското снимање. Дополни дека лично ќе гласа против и побара Претседателот на Советот да го издвои своето мислење за повлекување на овој записник.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е разговарано на кој начин да се изготвуваат записниците од седница и дека не и се јасни причините зошто државниот советник го изготвил на овој начин записникот. Дополни дека во записникот треба да биде отсликана реалната состојба врз основа на тонскиот запис, како и дека како Претседател на Советот не се согласува на WEB страната да се објавуваат записници во различна форма од причиин што пред 2-3 месеци е посочено записниците да се изготвуваат во унифицирана форма. Токму од тие причини го издвојува овој записник .

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека уште еднаш сака да потенцира дека токму тој записник ја одразува реалната фактичка состојба и сето она што се слуша на тонскиот запис. Нема потреба да се слуша тонскиот запис бидејќи на сите им е познато како течела дискусијата и што е кажано. Смета дека овој записник ја одразува вистинската состојба, а не наративното прераскажување и давање заклучоци.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во иднина ќе мора да се донесе заклучок дали ќе се цитираат изјавите на членовите на Советот или записникот ќе се изготвува во наративна форма при што ќе мора да се има предвид дека претходно е донесен заклучок со кој е предвидено записниците да бидат унифицирани. Дополни дека за таа цел генералниот секретар на Советот ќе изврши проверка и ќе извести, а во овој момент смета дека овој записник не е доработен бидејќи нема „кажа“, „рече“, има технички грешки и дека таков записник нема да се согласи да потпише и да помине од причини што навистина записникот воопшто не личел за објавување на WEB страната.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека ќе го поддржи предлогот за повлекување на записникот, но не од причини дека не „личи“ или е различен од другите записници. Смета дека е ист како и останатите 90% од

записниците, но бидејќи секогаш кога се барало повлекување на некој записник од седница гласал „За“ и го поддржувал предлогот, тоа ќе го направи и за денешниот записник.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара записниците да бидат унифицирани и во наративна форма како што е утврдено, а во нив дословно да биде пренесено се од тонскиот запис при што ниту еден факт да не смее да биде ниту поинаку кажан, ниту невистинит, дека со тоа нема да се согласи, а записникот да личи како што е и секој записник во судска постапка.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека токму од причини што веќе има донесено заклучок како треба да изгледа формата на записниците, треба да се почитува тој заклучок и да се има унифицирани записници кои ќе одат на WEB страната. Дополни дека токму од наведнеите причини неможе да се согласи записникот од 435-та седница да помине на денешната седница и да гласа за истиот бидејќи дели од сите други записници.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** смета дека записниците се формална работа на техничката служба и се изготвуваат врз основа на анализа на тонското снимање. Допони дека за него е ирелевантно во која форма ќе биде записникот, со дополнение дека доколку за конкретниот записник има некакви сомневања или се додава нешто во записниците тоа го чуди.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека нема додавања во записниците, нема бришење, но дека записниците треба да се унифицирани бидејќи јавноста ги чита. Неможе по желба на државен советник еден записник да биде во една форма, друг во друга форма. Дополни дека кога е носен заклучокот дали ќе биде цитирано или во наративна форма, одлучено е записникот да биде во наративна форма и дека сега наеднаш има отскокнување и сето тоа ја чуди. Смета да биде идентично, па макар и сите наводи на членовите да бидат цитирани и дека во иднина записниците може да се изготвуваат и на тој начин.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** конкретно за овој записник истакна дека го почитува мислењето на претседателот на Советот кој најдобро знае и е во тек, па ако цени дека записникот треба да се повлече ќе го поддржи предлогот на Претседателот на Советот.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** смета дека она што треба да биде важно е содржината на записникот, односно она што е напишано во истиот во целост да одговара на тонскиот запис. Формата повеќе или

помалку смета дека е во втор план, содржината е таа која ги обврзува членовите на Советот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не се јави за збор го стави на гласање Дневниот ред предложен за 437-та седница на Советот без записникот од 435-та седница на Советот од 22.03.2023 година

По гласањето се констатира дека, со 9 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е усвоен следниот дневен ред предложен од страна на Претседателот на Советот:

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение истакна дека дополнителните точки кои се предложени од членот на Советот Ханиф Зендели – „Распишување на оглас за избор на судии во Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип ќе бидат ставени како 10-та точка од Дневниот ред, односно ќе се разгледаат како 9-та точка од Дневниот ред бидејќи предложената 9-та точка „Формирање на комисии на известители“ Советот донел одлука да биде повлечена

Констатира дека е усвоен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на:**

- Записник од 434-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.03.2023 година и

2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за староснa пензија;

3. Утврдување на мирување на судиска функција на судија;
4. Разгледување на Извештај за повторно оценување;

5.Усвојување на предлог оценки на кандидати за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола;

6. Разгледување на Извештаи за констатирана состојба;

7. Донесување на Одлука за измена на Комисија за редовно оценување на судии на основни судови на апелационо подрачје Скопје;

8. Разгледување на Барањето од Министерство за правда за финансиска проекција на финансиски средства за спроведување на развојната стратегија за правосудниот сектор за 2023-2027 година;
9. Објавување на оглас за избор на судии во Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип и
10. Разно.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** процедурално истакна дека 2 пати се гласа за Дневниот ред еднаш за дневниот ред предложен од претседателот на Советот и еднаш за Дневен ред со предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели. Смета дека тоа е еден дневен ред и неможе 2 пати да се гласа за дневен ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на разгледување и усвојување на 1-та точка од Дневниот ред - „Усвојување на: Записник од 434-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.03.2023 година“.

## Точка 1

**Усвојување на: Записник од 434-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.03.2023 година;**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 434-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.03.2023 година

За збор се јави **членот на Советот Тања Чачарова –Илиевска.** Истакна дека се иззема од гласање за овој записник со оглед дека не била присутна на наведената седница.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека на седницата се присутни преставници од невладиниот сектор – преставмик од Институтот за човекови права и преставник од Коалицијата сите за правично судење.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** записникот од 434-та седница го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека, едногласно со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на разгледување на 2-та точка од Дневниот ред – „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.

## Точка 2

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврдено е дека двајца судии исполнуваат услови за старосна пензија поради навршени 64 години и тоа: Лилјана Чочковска судија на Апелационен суд Битола која наполнила 64 година на 05.04.2023 година и Лазар Ризов, судија на Основен суд Неготино кој наполнил 64 години на 31.03.2023 година

Отвори расправа по 2-та точка од Дневниот ред

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Лилјана Чочковска, судија на Апелационен суд Битола на 18.04.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

По однос на вториот предлог за престанок на судиската функција на Лазар Ризов, судија на Основен суд Неготино, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истотака констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Лазар Ризов, судија на Основен суд Неготино на 18.04.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на разгледување на 3-та точка од Дневниот ред – „Донесување на одлука за мирување на судиска функција на судија".

**Точка 3**

**Донесување на одлука за мирување на судиска функција на судија**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во врска со оваа точка од Дневниот ред истакна дека со одлука на Собранието на Република Северна Македонија, бр.08-2239/1 од 10.04.2023 година судијата на Апелациониот суд Скопје Елизабета Дукоска е избрана за судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија на предлог на Судскиот Совето на Република Северна Македонија која одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а тоа е 10.04.2023 година. Согласно чл. 54 ст.1 точка 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија предвидено е дека „Советот со решение ќе утврди мирување на судиската функција на судија помеѓу другото и ако е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случаи утврдени со закон, со денот на изборот или именувањето на друга функција или професија". Во чл.53 ст.1 и 2 од Законот за судовите е предвидено дека „ако судијата е избран или именувам за член на Судскиот совет, за судија на меѓународен суд или за судија на Уставен суд, јавен обвинител директор или заменик директор на Академијата за судии и ЈО, судиската функција му мирува за времето додека ја врши функцијата за која е именуван, односно избран. По истекот на мандатот за кој е именуван судијата има право да се врати во судот од кој заминал на вршење на другата должност". Во продолежение **Претседателот на Советот Весна Дамева и**мајќи го предвид фактот дека судијата Елизабета Дуковска е избрана за судија на Уставниот суд која функција ја извршува

од 10.04.2023 година согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и од Законот за судовите истакна дека е потребно да се донесе решение за мирување на судиската функција на судијата Елизабета Дуковска за време додека ја врши функцијата судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева о**твори дискусија по 3-та точка од Дневниот ред

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека едногласно со 10 гласа „За и ниту еден глас „Против“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува мирување на судиската функција на **Елизабета Дуковска**, **судија на Апелациониот суд Скопје** од 10.04.2023 година, за време додека ја врши функцијата судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

По истекот на мандатот за кој е именувана, судијата Елизабета Дуковска има право да се врати во Апелациониот суд Скопје.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 4-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на Извештај за повторно оценување“.

**Точка 4**

**Разгледување на Извештај за повторно оценување**

По однос на 4-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека согласно чл.97 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е донесена одлука и формирана е Комисија за повторно оценување на судија /претседател на суд во состав од членовите на Судскиот совет Мирсад Суроји, Лорета Ѓоргиева и Тања Чачарова-Илиевска која комисија била задолжена да изврши повторно оценување. Од страна на Комисијата изготвен е Извештај со предлог решение по однос на оценувањето на Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје од причини што истиот имал поднесено жалба против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр..09-2/22 од 14.12.2022 година

Збор даде на **членот на Советот Мирсад Суроји** во својство на претседател на Комисијата за повторно оценување.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека судијата Андреј Димовски во текот на 2019 година бил упатен како судија во Европскиот суд за човекови права во Страбур по меѓународни апликации, во кој период имал постигнато солидни резултати и ги имал исполнето квантитативните критериуми. Дополни дека овој судија неможе да се доведе во понеповолна положба споредбено со другите

кандидати кои истиот период ја вршеле судиската функција во државата дотолку што упатувањето на еден судија на работен престој во Европскиот суд за човекови права неможе да биде негативно и штетно за неговата кариера, односно пречка за неговото унапредување, туку како постигнати резултати во неговата кариера. Истакна дека овие докази за остварените работни резултати за конкретниот судија ги има и биле доставени до Судксиот совет од април 2020 година заедно со извештајот за престој во Европскиот суд за човекови права. Предвид овие параметри не се земени во определување на работата на судијата согласно Методологијата на исполнетост на квантитатините критериуми за судиско работење и нема законски основ за зголемување на бодови за неговото работење во 2019 година. По однос на неговото работање за 2020 година **членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека при спроведено вонредно оценување од страна на Советот согласно квантитативните критериуми, од аспект на обем на неговата работа која се вреднува преку обем на решени предмети во однос на ориентациониот број предмети што треба да ги реши судијата месечно, а добиени од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судкси предмети судијата добил 44,81 бодови, додека по однос на квалитативните критериуми судијата добил 115 бода. Предвид збирот на бодови за квалитативното и квантитативното работење за 2020 година судијата добил 151,89 бодови. Согласно чл.89 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија судијата може да добие позитивна или негативна оцена, а согласно ст.2 на овој член Советот го оценува судијата со позитивна оцена ако судијата добил над 100 бода. Согласно наведеното **членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека Комисијата за повторно оценување му предлага на Советот да донесе решение со кое судијата Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2021 година со позитивна оцена за добиени 159,81 бода

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека судијата е оценет со позитивна оцена со 159,81 бод и дека по однос на едната година немало ништо спорно, туку бил спорен оној период, кога судијата бил во Европскиот суд за човекови права. Дополни дека извештајот сега е целосен и детален и отвори расправа по истиот.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** упати прашање до претседателот на Комисијата, членот на Советот Мирсад Суроји: „Од кои причини не е земен предвид периодот на 2019 година"?

**Членот на Советот Мирсад Суроји** во својство на претседател на Комисијата за повторно оценување истакна дека не бил земен.

Откако констатира дека никој од останатите членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека извештајот е изготвен по што треба да се пристапи кон донесување на решение.

Воедно, констатира дека во салата не е присутен **членот на Советот Лорета Ѓоргиева.**

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот да се донесе решение со кое Андреј Димовски, судија на Основен

граѓански суд Скопје вонредно се оценува за период од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2020 година со позитивна оцена за добиени 159,81 бод.

По гласањето констатира дека едногласно со 9 гласа „За и ниту еден глас „Против“ е . донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**АНДРЕЈ ДИМОВСКИ** судија на Основен граѓански суд Скопје потворно вонредно се оценува за период од 01.01.2019 до 31.12.2020 година со ПОЗИТИВНА ОЦЕНА.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека во салата повторно е присутен **членот на Советот Лорета Горгиева.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се продолжи со разгледување на точка 5 од Дневниот ред – „Усвојување на предлог оценки на кандидати за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола“.

**Точка 5**

**Усвојување на предлог оценки на кандидати за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола.**

По однос на 5-та точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека Судскиот совет согласно законските надлежности од чл.36 ст.1 алинеа 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување, формира комисија за оценување на кандидати за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола во состав Миљазим Мустафа претседател и Мирјана Радевска Стефкова и Мирсад Суроји членови на комисијата. Дополни дека комисијата има изготвено извештај од спроведено вонредно оценување на судии кои се кандидати за претседател на суд, со предлог конечни оценки.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** даде збор на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на претседател на Комисијата да го реферира извештајот.

**Членот на Советот Миљазим Мустафа** истакна дека како што е наведено од претседателот на Советот, Комисијата во состав Миљазим Мустафа претседател и Мирјана Радевска Стефкова и Мирсад Суроји членови поднесува извештај за оценување на кандидатите за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола со предлог конечни оцени. Дополни дека комисијата ја извршила работата, дека е изготвен извештај кој е целосен, дека материјалите се поделени, а оцените на кандидатите според области се следни:

Во таа насока истакна дека кандидатот за претседател на Апелационен суд Скопје Мери Дика Георгиевска е оценета со позитивна оцена со вкупно 170,00 бода.

Кандидатот за претседател на Апелационен суд Штип, Тони Делев е оценет со позитивна оцена, со вкупно 161,79 бода, а вториот кандидат за претседател на Апелациониот суд Штип, Кирче Донев истотака е оценет со крајна оцена – „позитивна“ со освоени вкупно 196,67 бода.

Единствениот кандидатот за претседател на Основен суд Битола е оценета со позитивна крајна оцена со вкупно 200,00 бода.

**Членот на Советот Миљазим Мустафа** во продолжение истакна дека во кратки црти тоа е известувањето од спроведената работа на Комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по Извештајот презентиран од **членот на Советот Миљазим Мустафа** во својство на претседател на Комисијата за оцена на кандидатите за претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Основен суд Битола.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева**, предлозите на Комисијата ги стави на гласање, со дополнување дека гласањето ќе се спроведе поединечно.

Предложи да се донесе решение со кое Мери Дика Георгиевка, судија на Апелационен суд Скопје вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2023 година со позитивна оцена за добиени 170,00 бода.

Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10- гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**МЕРИ ДИКА ГЕОРГИЕВСКА** судија на Апелациониот суд Скопје вонредно се оценува за период од 01.01.2019 до 31.12.2021 година со **ПОЗИТИВНА ОЦЕНА**.

Предложи да се донесе решение со кое Тони Делев, судија на Апелационен суд Штип вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2023 година со позитивна оцена за добиени 161,64 бода. Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10- гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ТОНИ ДЕЛЕВ** судија на Апелациониот суд Штип вонредно се оценува за период од 01.01.2019 до 31.12.2021 година со **ПОЗИТИВНА ОЦЕНА**.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се донесе решение со кое Кирче Донев, судија на Апелационен суд Штип вонредно се

оценува за периодот од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2023 година со позитивна оцена за добиени 196,67 бода. Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека  едногласно, со 10- гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**КИРЧЕ ДОНЕВ** судија на Апелациониот суд Штип вонредно се оценува за период од 01.01.2019 до 31.12.2021 година со **ПОЗИТИВНА ОЦЕНА**.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се донесе и одлука со која Татјана Петровска, судија на Основен csд Битола вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2023 година со позитивна оцена за добиени 200,00 бода. Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10- гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ТАТЈАНА ПЕТРОВСКА** судија на Основен суд Битола вонредно се оценува за период од 01.01.2019 до 31.12.2021 година со **ПОЗИТИВНА ОЦЕНА**.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 6-та точка од Дневниот ред - „Разгледување на извештаи за констатирана состојба“.

**Точка 6**

**Разгледување на Извештаи за констатирана состојба**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека од страна на членовите на Советот изготвени се извештаи за констатирана состојба кои ќе бидат редоследно изнесени од страна на членовите на Советот-известители.

Збор дадена **членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** да го презентира извештајот за констатирана состојба.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** истакна дека станува збор на преставка која е поднесена од страна на адвокат во која се изразувало незадоволство од постапувањето на Апелационен суд Скопје по предмет РОЖ.бр.2076.21. Појасни дека подносителот во преставката укажувал дека се пречекорени законските рокови поради што постапката непотребно се одолговлекувала, а Судскиот совет утврдил дека преставката е основана. Имено, по пресуда донесена од Осноовен суд Велес на 17.09.2021 година, била поднесена жалба од страна на тужителот на 28.09.2021 година, а пресудата на Апелациониот суд Скопје е донесена на 27.10.2022 година, која на подносителот на преставката му

била доставена на 15.11.2022 година. Во продолжение известителот ч**ленот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** истакна дека како координатор за работата на Апелациониот суд Скопје била задолжена да ја утврди фактичката состојба, односно кои се причините поради кои толку време поминало од донесување на одлуката на апелациониот суд. Поради наведеното била побарана изјава од судијата кај кој определено време бил распореден предметот, по што предметот бил распореден кај друг судија поради поднесено барање од претходниот судија за изземање, од причини што во предметот било потребно поседување на безбедносен сертификат. Во одговорот добиен од судијата каде што првично бил распределен предметот како и од известување добиено од ВД претседателот на судот било наведено дека во периодот на пристигнување на жалбата од 26.10.2021 година, на одлучување во судот, предметотј бил придвижен кај првичниот судија на 12.01.2022 година, тој предмет не бил решаван веднаш од страна на судијата од причини што судијта ги решавал предметите кои претходно биле примени во судот според редовниот прилив на предмети, со оглед дека овој судија бил распореден да постапува во одделот за работни спорови почнувајќи од септември 2021 година поради што и биле распределени повеќе од 200 предмети во работа кои што биле примени во судот. Имајќи предвид дека во тој примен квантум на предмети имало и нерешени предмети од 2019 година, поради што судија првично ги решавала предметите од 2019 година, а потоа по ред од 2020 година, па од 2021 година, значи согласно редоследот на жалбите по прием на предметите во апелациониот суд. Известителот дополни дека е познато дека Апелациониот суд Скопје се соочува со состојба на недоволен број на судии од кои причини смета дека ова ќе биде и зачестена појава што ќе се појавува, односно непостапувањето на судот во законските рокови бидејќи судиите се обременети со голем број на предмети.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по извештајот презентиран од **членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** во својство на известител.

Дополни дека станува збор за извештаи за констатирана состојба изготвени по основани преставки, а согласно донесениот заклучок на Советот и дека во моментот има изготвено четири извештаи за констатирана состојба кои ќе се презентираат на денешната седница, по што упати барање и до другите членови на Советот како координатори да ги изготват извештаите доколку имаат. Воедно, **Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе и дека е потребно со извештаите да бидат запознати и останатите членови на Советот бидејќи може да има случаи кога некој член на Советот размислува поинаку од координаторот.

По однос на извештајот за констатирана состојба презентиран од **членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова**, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека неспорно е дека има пречекорување на роковите поради состојбата во која што генерално се наоѓаат судовите, судиите, односно судството, но доколку континуирано се постапува по предметите смета дека причините се објективни. Дополни дека сепак се цени од случај до случај, дали причините се објективни или субјективни, а по однос на конкретниот случај смета дека е направена детална анализа и судијата дала детално образложение поради кои причини неможела да постапи во законски предвидениот рок и дека станува збор за многу мал период.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека се согласува дека има разлики од случај до случај и не е исто. Смета дека би било добро да се продолжи на овој начин и да се разгледуват сите случаи на исти начин.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека селективно утврдување не треба да има и не треба да постои, но истотака смета дека не треба да има селективно постапување ниту при утврдување на причините дали истите се објективни или субјективни. Дополни дека станува збор за личен став поради што е потребно од случај до случај да се цени како судијата постапувал, дали предметот е земен преку ред за постапување, дали неоправдано го чувал..... итн. Смета дека се се тоа причини кои ја кажуваат оправданоста

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** Весна Дамева извештајот за констатирана состојба презентиран од **членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** во својство на известител го стави на гласање.

По гласањето констатира дека  едногласно, со 10- гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен извештајот.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека наредниот извештај ќе го презентира **членот на Советот Ивица Николовски.**

**Членот на Советот Ивица Николовски** во својство на известител истакна дека до Судскиот совет во својство на полномошник, адвокат Раде Јовчевски има доставена информација во која подносителот наведува дека по предмет на Основниот граѓански суд Скопје, МАЛВП оформен по тужба поднесена од негова страна во својство на полномошник, стекнување без основ, судечкиот судија ја заклучил расправата на ден 23.11.2020 година, но подносителот пресудата ја добил кон крајот на 2021 година. Известителот, во продолжение истакна дека подносителот наведува дека по жалба пресудата била укината од Апелациониот суд Скопје и била вратена на повторно постапување пред Основниот граѓански суд Скопје каде добила нов број. На ден 12.03.2022 година судијата ја заклучил расправата и закажал рочиште за објавување на пресудата на ден 17.03.2022 година. Рочиштето не се одржало и пресудата не била изготвена со што според подносителот на информацијата судијата постапил спротивно на одредбите од процесниот закон. Известителот, **членот на Советот Ивица Николовски** дополни дека предметната информација преку архивата на Советот му е доделена нему во својство на координатор за работата на Основниот граѓански суд Скопје и дека наводите во информацијата се проверени преку претседателот на Основниот граѓански суд, при што е побарана информација од судијата кој постапувал по наведениот предмет. Од добиената информација од Основниот граѓански суд Скопје произлегува дека пресудата под МАЛВП бр.2158/21 од 17.03.2022 година судијата уредно ја изработил во писмена форма. Известителот истакна и дека за проверка на наводите во информацијата и изјавата на судијата извршен е увид во Контролникот за работа на судовите кој се наоѓа во електронскиот систем на Судскиот совет, по што е констатирано дека во графата „акти и дејствија“ на предметот МАЛВП.бр.2158/21, за датум на записник за објава на одлука стои 17.03.2022 година, а датум на верификација на истата 16.01.2023 година. Судијата во својата изјава навел дека од

телефонската комуникација со судскиот службеник распореден за работа со судијата, добиена била информација дека полномошникот на тужениот, адвокат Дејан Додевски ја имал примено пресудата и во законски предвидениот рок немал изјавено жалба против истата, додека за полномошникот на тужителот, адвокат сеуште течеле роковите за жалба на донесената одлука бидејќи истата ја примил подоцна. Со оглед да судот со пресудата од 17.03.2022 година го имал усвоено тужбеното барање на тужителот, судијата навел и дека полномошникот на тужителот евентуално можел да изјави жалба само по однос на досудените трошоци, а по однос на мериторното одлучување на судот истиот немал правен интерес бидејќи тужбеното барање му е усвоено, односно успеал во спорот. Согласно наведеното судија навел дека доколку полномошникот на тужителот не изјави жалба по однос на трошоците споменатата пресуда ќе била правосилна и извршна. По однос на наведеното од страна на судијата дека пресудата е доставена до полномошниците на странките и тоа до полномошникот на тужителот, адвокат и полномошникот на тужениот, адвокат, известителот, **членот на Советот Ивица Николовски** наведе дека од увид во контролникот од електронското досие за предметот се утврдило дека не е евидентирано дејствието „достава до странките“.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по извештајот презентиран од **членот на Советот Ивица Николовски** во својство на известител.

За збор се јави **членот на Советот Мирјана Радевска- Стефкова.** Истакна дека од кажаното од извештајот произлегува дека објавата на одлуката е на 17.03.2022 година, додека датум на верификација е 16.01.2023 година. Смета дека судијата не дава одговор зошто пресудата не била изготвена 10 месеци, бидејќи датумот на верификација е датум кога одлуката е писмено изготвена.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека како што известил до судијата е доставена информацијата и е побаран одговор. Во изјавата на судијата стои дека пресудата е изработена уредно и навремено, меѓутоа видно од контролникот смета дека пресудата е изработена со задоцнување од околу 10-11 месеци.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека е свесна дека има малку судии наспроти обемот на работа кој е голем, посебно во Основниот граѓански суд Скопје каде овој проблем е особено изразен, меѓутоа во рамките на надлежностите на Судксиот совет на Република Северна Македонија спаѓа токму следењето на работата на судиите, судовите и претседателите на судовите. Истакна дека поаѓајќи од наведеното е и пристапено кон препраќање на основаните преставки до кординаторите заради следење и испитување на состојбите. По однос на конкретниот извештај за констатирана состојба истакна дека смета дека истиот е нецелосен од причини што има протек на време од 10 месеци од објава на пресуда, до верификација и тоа во спор од мала вредност. Дополни дека можеби причините за таков протек на време се основани, но смета дека треба да бидат образложени во извештајот за констатирана состојба бидејќи тоа е целта на извештајот. Токму затоа смета дека конкретниот извештај е нецелосен поради што од судијата треба да се побара да објасни зошто е тоа така. Воедно, истакна дека смета дека ако имаме таков протек на време кој што го надминува неколку пати законскиот рок за превземање на дејствија, мора да има предлог заклучоци во извештајот, инаку како

би се гласал извештајот ... дека е констатирана состојбата. Дополни дека состојбата е констатирана и преку преставката и дека смета дека извештајот треба да се доработи.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека се согласува со ставот на **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска**, но дека треба да се прави разлика помеѓу преставка и информација. Дополни дека во конкретниот случај му е доделен писмен допис заведен под „03“ со наслов „Информација до Судскиот совет“. Наведе дека како коодинатор ги проверил наводите и дека неговиот став е дека се работи за основани наводи за кои како координатор при редовна или вонредна контрола, во текот на следење на работата на судијата овие наводи ќе се земат предвид и ќе се види дали самиот пропуст е од субјективен или објективен карактер, дополнувајќи дека е неспорно дека пропуст има. Во продолжение наведе дека доколку се работело за преставка можеби ќе ги испитувал и причините пред да реферира, но во конкретниот случај се работело за информација од која информација и нејзината проверка произлегло дека се пропуштени законските рокови што како координатор му дава основа овој предмет при редовна работа го исконтролира и да ги утврди причините за пропуштање на законскиот рок. Во продолжение известителот истакна дека негов генерален став, без оглед на состојбите во судовите е дека граѓаните основано се жалат кога судот не е во можност во предвидениот рок да ја испорача својата услуга. Од тие причини смета дека овој предмет треба да се земе во работа при редовна контрола, да се изврши непосреден увид, од кој да се извлече еден поиздржан заклучок. Известување е побарано и во истото од страна на судијата е наведено дека одлуката е изработена уредно и благовремено, меѓутоа од контролникот се гледа дека одлуката е изготвена уредно, но не и навремено бидејќи е поминт прилично долг период. Дали тоа е од објективни или субјективни причини смета дека треба да утврди со оглед дека е координатор и тоа при редовна контрола, со непосреден увид во предметот. Воедно, истакна и дека ако оваа информација се смета како поплака цени дека е основана и секогаш неговиот став е дека граѓаните не се виновни од причини кои сите ги знаеме, кои се навремено да се изготвуваат одлуките .

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека смета дека кога се референраат преставките оние што се основани да одат кај кординаторите. Истакна дека не е потребно со извештај да се констатира истото што се констатирало и со преставката од причини што Советот тоа го има констатирано во преставката и затоа е утврдено дека преставката е основана. Смета дека целта на координаторот е да го испита случајот детално, по што не да доставува извештај до Советот, туку ако координаторот утврди пропусти кај судијата и дека погрешил, се знае што треба да се поднесе. Дополни дека ако сите членови на Советот како координатори изготвуваат само информација со цел да завршат со предметот, тогаш ништо нема да се направи, односно ако се оди со информација за констатирана состојба ќе биде исто како преставка и ќе нема кој подетално да разгледува од координаторот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во врска со извештајот за констатирана состојба презентиран од страна на **членот на Советот Ивица Николовски,** наведе дека во конкретниот случај не се работи за преставка, туку дека станува збор за известување кое е доставено до претседателот на Судскиот совет,

па препратено до координаторот. Дополни дека истото воопшто не е разгледувано на седница на Советот и од тие причини превземени се дејствија од координаторот кој извршил одредени испитувања.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** постави прашање: „Дали во конкретниот случај станува збор за информација доставена до Советот од странка"?

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се работи за „барање информација".

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** смета дека во тој случај на информацијата требало да и се даде третман на преставка и да се разгледува како преставка, дополнувајќи дека сметал дека преставката е проследена до координаторот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека без оглед дали се работи за барање, преставка или информација, одредени дејствија се извршени, има известување од координаторот и при првата работна посета на судот и овој предмет, како и сите други ќе биде предмет на анализа. Смета дека и целта на посетите кои следат е да се разгледаат сите предмети, изразувајќи надеж дека се отвараат сите предмети кај кои е донесена и објавена одлука, а не е изготвена. Смета дека и тоа е предмет на анализа, врз основа на таа извршена контрола да се достави извештај ако се констатира дека не се објективни причините. Воедно, **Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение укажа дека на секој координатор на кој што му е дадена основана преставка или смета дека има основ за понатамошно превземање дејствија, а од одредени причини смета дека неможе да превзема дејствија, за тоа треба да ги извести членовите на Советот од причини што секој член на Советот може да процесуира барање за утврдување одговорност.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека кога се јавила за збор во врска со овој извештај целта била да се направи динстинкција помеѓу информација и извештај за констаирана состојба дополнувајќи дека доколку се работи за извештај за констатирана состојба според неа треба да се даде и предлог што понатаму. Доколку се работи за информација истакна дека впрочем имало информации добиени и од јавноста, по кои е постапувано и се правени извештаи и дека тоа е целта на извештаите за констатирана состојба, да се констатира кои се неправилностите и кои би биле заклучните согледувања по однос на тоа. Дополни дека друго е ако овој извештај бил даден како едно известување до Советот или како една информација, но ова неможе да биде извештај за констатирана состојба бидејќи не содржи што е констатирано, дали е констатирано дали е се во ред, дали е констатирана неправилност, тоа е извештајот за констатирана состојба. Смета дека треба да се расчитат работите околу тоа дали овој извештај ќе се усвојува или е даден на запознавање.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека се согласува дека треба да се заземе став дали една информација во која подносителот не се жали, како во конкретниот случај, туку има својство на тужител и успеал во спорот....во конкретниот случај подносителот известува за состојби што тој самиот ги

констатирал, а тоа е дека од страна на судовите многу доцна се изготвуваат и доставуваат одлуките. Во продолжение истакна и дека се согласува со ставот на заменикот претседател на Советот Селим Адеми дали во иднина ваков вид на информации да се сметаат како преставки и да се превземат дејтвија кои се превземаат по преставка, или да се оди на овој начин со информација, што значи добиена информација со која сме известени за одредена работа. Дополни дека она што се бара да го презентира значи да се впушти во непосредна контрола и непосреден увид во предмет. Врз основа на наведеното по однос на ваков вид дописи, со ваков наслов и заведени под овој деловоден број побара да се утврди кој став да се заземе во иднина, дали да се сметаат како преставки или пак Претседателот на Советот да предложи координаторите во зависност за кој суд се однесува да овие информации ги следат и во редовна работа ги земат во предвид, ги проверат и утврдат фактичка состојба.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека нејзино мислење е дека кога станува збор за информација или мислење, а веќе има координатори за секој суд, да се достави до координаторот кој впрочем и не треба веднаш да доставува известување за констатирана состојба, туку ако е во тек, а се во тек редовни посети, да ја има на запознавање таа информација и да знае кој предмет да го испита со особено внимание, пред се и поради околноста што веќе има реакција и од јавноста. Дополни дека впрочен треба да се реагира на секој предмет, освен ако не се работи за особено сензитивен предмет каде што јавноста е особено засегната. Истакна и дека како претседател на Советот не би смеела сама, известување или информација да ги смета како преставка и да се заведуваат како преставки. Ова од причини што до претседателот на Советот секојдневно пристигнуваат по десетици барања и известувања од граѓани, па треба ли сите тие да ги заведува, особено што и прима граѓани, составува службени белешки..., па треба ли и тие да се даваат на запознавање ? Во продолжение истакна дека доколку Советот донесе заклучок ќе се постапува и на тој начин што за неа како претседател ќе биде поедноставно и полесно.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека ја имала истата дилема како заменик претседателот на Советот Селим Адеми. Истакна дека смета дека излагањето на членот на Советот Ивица Николовски произлегува од претходна преставка која е помината со наводи како основана, а од она што денес се гледало произлегувало дека станувало збор само за известување кое е доставено до членот на Советот Ивица Николовски како координатор. Во продолжение истакна дека смета дека самото известување има елементи да биде разгледано како преставка, како и дека многу известувања со резолуција на претседателот на Советот биле ставени да бидат разгледувани како преставки, иако лично не сметала дека имаат таква содржина. Конкретно за денешното известување истакна дека смета дека ја има содржината на преставка. Меѓутоа истовремено и постави прашње: „Каде е е надлежноста на Советот“? Смета дека од страна на координаторот, **членот на Советот Ивица Николовски** е направено и повеќе од потребното бидејќи истиот се впуштил да работи, да ги превзема сите дејствија и ќе покрене барање за утврдување на одговорност. Во делот на останатите преставки кои како координатори членовите ги имаат примено како основани и по кои постапиле, а по добиените сознанија од иследувањата произлегло дека нема основи за понатамошно постапување во рамки на надлежностите на Судскиот совет, смета

дека досега немало пракса да се доставуваат извештаи. Од тие причини по однос на следниот извештај кој следува за реферирање наведе дека лично по заклучокот дека нема натамошни елементи за иследување на работата на судијата има составено службена белешка за констатираното која со допис ја доставила до претседателот на Судскиот совет. Со оглед на фактот дека произлегува од констатирана состојба, од основана преставка, а за која по нејзино согледување нема наводи за натамошно постапување, сега како нова пракса произлегува дека треба да гласат како Извештаи и да бидат дадени на Совет....тоа е нешто ново кое досега не сме го правеле. Беше вратена истата службена белешка на која само се стави назив – извештај.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на дискрециони права на члeновиет на Советот како координатори истите се дадени со годишниот распоред и со Деловникот, но тие дискрециони права како што самата не ги користа до крај, мора да бидеме искрени бидејќи при номинација и одредена ситуација ги запознава членовите, смета и дека членовите треба пред истекот на рокот од 6 месеци да го запознаат Советот со својот став, по однос на тоа дали членот има намера да поднесе барање или нема, за да не се доведе Советот во ситуација да истече рокот од 6 месеци, а секој координатор при тоа да го користи дискреционото право. Дополни дека Советот е колективно тело и неможе членовите да работат со изговори – „јас знам дали треба или не треба“. Истакна дека тоа не си го дозволува самата себеси и несака од никој да биде бидејќи цел повик е по Судскиот совет. Поради наведените причини **Претседатечлот на Советот Весна Дамева** во продолжение замоли пред истекот на рокот од 6 месеци да се извести Советот бидејќи секој предмет е сериозен на свој начин, за да евентуално некој од членовите или таа како претседател и член на Советот ако смета поинаку да поднесе барање. Воедно, истакна дека смета дека многу е непријатно да се чека и да се остави на координаторот, па рокот да помине и на крај ништо да не се направи, бидејќи повикот ќе бил по цел Судски совет. Смета дека дискрециони права треба да има, меѓутоа во одредени граници бидејќи станува збор за колективно тело. Замоли за колегијалност од причини што неможе, ако кај еден координатор стои предметот 3,5,10 месеци, а отанатите членови на Советот незнаат, ниту претседателот на Советот знае, тоа да биде презентирано.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека рокот од 6 месеци за секој член почнува да тече од моментот кога тој осознал. Значи ако денес елабoрираме и Судскиот совет и членовите се запознаени со одредена фактичка состојба која како координатори сме ја констатирале, од денешниот ден, па во иднина течат за секој член 6-те месеци, а не од роковите кои важат за кординаторот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на ова прашање има поделени мислења и ставот на Врховен суд на Република Северна Македонија е друг, со дополнување дека ќе смета дека доколку секој постапува совесно ќе биде потребно 1 месец или 2 и дека не треба да се чека рокот од 6 месеци. Смета дека ако се бара ажурно постапување од судиите и судовите, ќе мора и Советот ажурно да постапува и дека така се враќа довербата, да се постапува ажурно, совесно и колегијално и секој член да биде запознаен со се.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** во реплика истакна дека Врховниот суд на Република Северна Македонија не одлучува за работата на Советот, туку обратно Советот одлучува за работата на Врховен суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање дали некој друг бара збор наспроти предлогот на **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска.**

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека нејзин предлог е извештајот да не се става на гласање.

**Членот на Советот Ивица Николовски** постави прашање: „Дали ќе се прифати оваа пракса информациите од Судскиот совет да бидат споделени од членовите, а припремени преку координаторите, дали ваквите информации ќе се сметаат како преставки и ќе се постапува како по преставка или пак овие информации ќе бидат доставени до координаторите, координаторот ќе го чува во шкаф и ако сака да каже или чуствува потреба да каже тогаш да каже“ ? Истакна дека воочил дека наназад одреден период не е даван извештај за констатирана состојба и дека ова е некоја нова пракса. Дополни дека ја прифаќа праксата, но смета дека не може во оваа постапка и со вака превземени дејствија како што налага уписникот „03“ и насловот да се постапува како по преставка. Во продолжение истакнувајќи дека во конкретниот случај не се работи за преставка, ниту за поплака, туку за известување со кое подносителот известува за определена состојба која со определени дејствија е констатирана, смета дека да се бара „дали е утврдена фактичката сотојба“, со дополнение дека истата ќе биде утврдена во понатамошен тек, при редовна контрола и дали наведеното во информацијата е точно, истакна дека верува дека е точно, од кои причини по извршен увид, а зависно од тој увид и причините, ќе следи и превземање на понатамошно дејствие. Дополни дека со право од страна на колешката му е укажано дека по информација постапува како по преставка, но со оглед дека досега Советот нема заземено став, смета и предлага информацијата да биде споделена помеѓу членовите на Советот. Смета дека тоа е добро зошто покрај координатор, како што е тој, има и работна група која сака совесно и одговорно да си ја врши работата. Во таа насока изјави дека смета дека можеби некој од членовите на Советот, од работната група ќе праша што се случува со предметот, ќе каже дека слушнал информации, дека имало поплака или имало информација до Судскиот совет која не сум ја проследил, со дополнение дека така го разбира уписникот под број „03“.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека не е добро, туку задолжително, облигаторно и во таа насока повтори дека смета дека мора сите членови да бидат запознаени од причини што станува збор за колективно тело, односно неможе координаторот и покрај надлежностите да си постапува сам на своја рака и другите членови ништо да не знаат и да помине рокот.

**Членот на Советот Ивица Николовски** наведе дека се согласува...ако од оваа констатирана состојба произлегува став на Судскиот совет, дека по овој предмет, по оваа информација треба да се превземат поитни чекори, како координатор ќе го направии тоа. Затоа смета дека е добро да се споделуваат информациите и дека целта на овие информации е да бидат споделени. Дополни дека доколку Советот смета дека е толку потребно, да се донесе заклучок, по што

како координатор ќе го проследи тој заклучок, но и дека понатаму од ова не гледа дека во оваа ситуиција би можел да направи нешто.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека очигледно не се разбрале со колегата Ивица Николовски. Дополни дека не е точно дека досега немало такви случаи во Судскиот совет....имало и Судскиот совет не одлучувал што ќе прави понатаму членот како координатор бидејќи надлежностите на координаторот ги има и во Законот и во Деловникот. Смета дека конкретниот извештај неможе да биде извештај за гласање, односно дека истиот би бил извештај за гласање кога во него би било наведено -„да има протек на подолг временски период од законски пропишаниот и како координатор предлагам да ми се даде заклучок со работна група да извршам увид во работата на тој судија по однос на постапувањето". Дополни дека смета дека во извештајот треба да има некакви заклучоци кога веќе се констатира дека има неправилност во работењето, а вака како што е е само информација. Дали понатаму координаторот ќе бара заклучоци да врши увид во работењето на судијата или на судот, тоа зависи како ќе цени координаторот. Истакна дека овој извештај според неа не е извештај што треба да се гласа.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека Судскиот совет е колективно тело, членовите се менуваат претседателите се менуваат, заклучоците се забораваат и дека за вакков случај има заклучок. Дополни дека секогаш кога имало нешто спорно се разгледувало на колегиум и му се давало третман дали на преставка или координаторот да продолжи да постапува. Такви ситуации имало и кога требало да се одлучи дали се работи за преставка или за барање за утврдување на одговорност. Таквите нерасчистени работи секогаш се разгледувале на колегиум при што се одлучувало што понатаму. Смета дека доколку оваа ситуација била разгледана на колегиум, ќе добиела или третман на преставка или ќе се упател координаторот што понатаму да превзема. Дополни дека во овој случај како што истакнал и членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска ...„што конкретно да се гласа". Во продолжение за**меник претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека доколку не се работи за третман на преставка координаторот треба да оди до крај и да се достави краен резултат. Воедно, истакна дека смета дека заклучок кога ќе има вакви нејасни работи има донесено со дополнување дека незнае во време на мандатот на кој претседател е донесен бидејќи многи граѓани доставуваат известувања со кои истотака укажуваат на неправилности во работата, само што не се насловени како преставки, туку како известувања и истите треба да се сметаат за преставки. Истакна и дека во конкретниот случај се согласува со **членот на Советот Тања Чачарова- Илиевска** , што да се гласа во конкретниот случај кога нема ништо конкретно, нема заклучок

**Претседателот на Советот Весна Дамева** смета дека од наведеното произлегува дека во конкретниот случај се работи за известување дадено на запознавање на Советот, за понатаму, при редовната посета координаторот да ги испита околностите како што се прави секогаш.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека членот на Советот Ивица Николовски во своето излагање бил јасен и дал свој заклучок, а понатаму конкретниот предмет при редовна посета да биде предмет на увид и контрола.

Смета дека тоа е заклучокот на колегата - членот на Советот Ивица Николовски, кој го изложил усно, како и предлогот и смета дека сите го слушнале.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека неможе да знае што мислел колегата.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека врз основа на она што произлегува од денешната дискусија и постапување, сака да истакне предлог, доколку членовите на Советот како координатори добијат било какво известување од содржината на кое претседателот не утврдил дека треба да биде заведено како преставка, а членовите лично како координатори сметаат дека доставениот допис има содржина на преставка, истото со известување да се препрати до претседателот на Советот кој сам да одлучи, дали ќе биде ставено на Совет, дали заедно ќе се одлучува, дали ќе се разгледува на колегиум, чисто за да се има воедначена пракса и да се работи на ист начин.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека смета дека нема потреба еден допис да минува толку многу врати и граѓаните за чекаат преставките да им бидат реферирани после 6 месеци или година. Дополни дека доколку како претседател на Советот и се даде овластување сите известувања или оние за кои смета, ќе се заведуваат како преставки. Дополни дека неможе да прифати заклучок.... од кај претседателот, до координаторот, па преку архива пак кај претседателот, па на колегиум.....

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека претседателот го има тоа овластување, сам пререферира, носи резолуција дека нешто треба да биде презаведено, сепак тое е во рамките на надлежноста на претседателот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во тој случај во својство на претседател ќе одлучи дали ќе биде кај координаторот или ќе биде преставка и нема потреба од донесување на заклучок.

Во продолежение **Претседателот на Советот Весна Дамева** упати прашање до членот на Советот Ивица Николовски: „Дали се согласува извештајот за констатирана состојба изложен од негова страна да даде предлог да се усвои, но во иднина при редовната посета, извештајот да се стави на усвојување со обврска координаторот да испита дали постојат објективни или субјективни причини за состојбата“?

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** смета дека координаторот ја има таа обврска и без да му биде посочено од Советот. Зошто да гласаме извештај со кој на координаторот му наложуваме да оди во посета, кога тој може да оди и без да гласаме.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека смета дека кога е веќе констатирана неправилност требало да има забелешки, тоа според неа е извештај за усвојување.

**Членот на Советот Ивица Николовски** постави прашање: „Дали се има предлог што да се превземе понатаму во предметот кој е заведен во уписник „03“?

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека смета дека треба да се заведе како преставка.

**Членот на Советот Ивица Николовски** смета дека на тој начин се дуплира работата, дали извештајот ќе се смета за преставка и дали ќе се прави разлика помеѓу информација ...

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање до членот на Советот Ивица Николовски: „Дали се согласува овој извештај да биде само известување и да не се усвојува“?

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека така го разбира овој извештај бидејќи не постапува по преставка, туку по информација. Чисто да биде запознаен Советот и да се земат во предвид сугестиите на Советот како колективно тело, да даде одредени видувања и предлози, што понатака.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во тој случај извештајот нема да се гласа, туку само ќе се констатира следното:

Се констатира дека **членот на Советот, судијата Ивица Николовски** ги запозна членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија со спроведените дејствија во врска со информацијата и врз основа на тоа е изготвен допис со наслов „Извештај за констатирана состојба“. Известува дека истиот бил доставен на запознавање, а во иднина ќе се следи, односно испита состојбата по однос на основите поради кои е констатирана таквата состојба во врска со конкретниот предмет. Дополнително при работната посета истиот ќе биде дел од извештајот за Основниот граѓански суд од кои причини во овој момент нема потреба од усвојување на предметниот извештај бидејќи од текот на расправата произлегува дека станува збор за известување за превземени дејствија од страна на координаторот.

Откако констатира дека никој од членовите не е „Против“ наведената констатација **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека ќе се премине на разгледување на следниот извештај за констатирана состојба.

Збор даде на **членот на Советот Ивица Николовски** да го изложи извештајот.

**Членот на Советот Ивица Николовски** во својство на известител наведе дека до Судскиот совет од страна на поранешни вработени, доверители во Македонија дрво АД во стечај доставен е допис до претседателот на Судскиот совет насловен како „Барање од вработени доверители во Македонија дрво АД Скопје поради долго траење на стечајна постапка“. Известителот ч**ленот на Советот Ивица Николовски** во продолжение истакна дека е строг формалист по природа и ќе изнесе свое видување истакнувајќи.....„.зошто наведениот допис би се сметал како преставка кога не е заведен во уписникот „08“, туку во уписник „03“. Дополни дека постапува и превзема дејствија во улога на уписник „03“, што значи дека дописот му бил доделен

преку архива како координатор, со оглед дека се работело за барање кое се однесува на Основен граѓански суд Скопје пред кој суд се водела стечајната постапка. Во продолжение истакна дека од увид во конкретното барање констатирано е дека не е потпишано од подносителот, ниту пак кон истото има доставено доказ дека подносителот Јагош Поповски има овластување во име на другите доверители да го поднесе истото. Поради наведеното истакна дека смета дека барањето е неуредно, но со оглед на сложеноста на предметот и проверка на изнесените наводи преку претседателот на Основниот граѓански суд Скопје побарана е изјава од судијата кој постапува по предметот наведен во барањето. Се работи за стечаен предмет под број СТ-540/03. Од доставената изјава од судијата кој постапувал по наведениот стечаен предмет известителот истакна дека произлегувало дека стечајната постапка над должникот АД Македонија дрво во стечај е презаведена под број СТ-580/07, која со решение на Основниот суд Скопје 2 СТ-580/07 од 18.06.20014 година е запрена и заклучена. Со истото решение Собранието на доверители по барање на стечајниот судија, како што наведувале вработените дека се заклучува, го овластило стечајниот управник да ги доврши заведените судски постапки во кои должникот се јавува како странка како и да ги заведат судските постапки заради заштита на доверителите и стечајната маса. Одлуките биле донесени од Собранието, а не од стечајниот управник и судијата. По однос на наводите на вработените дека се обраќале до повеќе институции помеѓу кои и до Судскиот совет известителот информираше дека судијата наоѓал дека посоченото барање иако е поднесено од истите лица видно е дека немало потпис од истите, туку само телефон за контакт од лицето Јагош Поповски од Скопје, лице кое било поранешен директор на стечајниот должник и дека како член на советот на доверители е во тек со целата постапка и донесените одлуки. По однос на побарувањата на доверителите кои во време на стечајниот управник Владислав Тамбурковски не биле правилно определени известителот информираше дека судијата во одговорот навел дека во таа фаза од постапката се одлучувало, дека тоа е завршена работа и дека се донесени решенија кои се правосилни уште во текот на 2003 година. Неспорно е дека се работи за должник со имот за кој се водат повеќе граѓански и кривични постапки кои се додека не се завршат и не се расчисти со сопственоста на стечајниот должник таквиот имот неможе да биде предмет на продажба. По однос на наводот дека во стечајната постапка приоритет треба да имаат придонесите за вработените кои со парични средства се исплатени, па потоа се исплаќаат побарувањата на другите доверители, а со оглед да постои правосилна судска одлука за спор воден помеѓу должникот и ЈП Комунална хигиена Скопје која е обврска на стечајната маса и која приоритетно треба да се исплати како обврска создадена по отворањето на стечајната постапка известителот истакна дека како што е познато од стечајната постапка се наплаќаат прво трошоците, па потоа побарувањата на доверителите каде што по приоритет вработените се меѓу првите. Од увид во списите на предметот ценејќи ги наводите на подносителот, а во корелација со изјавата на судијата известителот истакна дека е утврдено дека наводите во предметното барање се неосновани, како што навел и судот, дека стечајната постапка е запрена и заклучена уште во текот на 2014 година, а со оглед да за имотот на стечајниот должник се воделе и сеуште се водат постапки кои се во тек и од чие завршување зависи висината на стечајната маса на имотот на должникот и негова распределба., истакна дека нема заклучок, туку негова информираност до Советот, а во врска со барањето. Повтори дека како што укажал претходно барањето не е потпишано од подносителот, ниту истиот има овластувања

од другите на кои се повикува, туки истиот е дел од органите на стечајната постапка и има обврска да ги знае сите превземени дејствија во стечајната постапка. Смета дека ова е една информација до Советот од граѓанин во својство на доверител во стечајна постапка, со дополнување дека доколку се работело за нешто друго можеби од негова страна или од членовите на Советот ќе произлезело нешто друго, меѓутоа во конкретниот случај немало ништо алармантно, се работело за дејствие кое од ова лице се превзема во повеќе наврати и во повеќе институции, а истиот бил член во еден од органите на стечајната постапка – одбор на доверители кој е оперативен орган.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** по презентирање на извештајот констатира дека и во овој случај како и во претходниот се работи за известување и дека наместо усвојување може да оди како известување. Во таа насока дополни дека во првиот извештај кој е референциран од **членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** на крајот на ивештајот имало реченица – „на Ваше запознавање“. Смета дека штом има таква реченица може да оди на запознавање, а во конкретниот случај да биде известување, а не се потребни понатамошни дејствија.

**Членот на Советот Ивица Николовски** наведе дека се согласува и смета дека е добро било која информација која е доставена до член на Советот да биде изнесена на седница на Советот како колективно тело. Можеби од тоа произнесување и заедничко запознавање ќе излезат други предлози. Дополни дека така го гледа постапувањето и превземањето дејствија по дописи од уписник „03“. Дополни дека не случајно имаат различни броеви, „03“,„08“, „10“, за едното се знае дека се преставки, другите се барања за утврдување одговорност, а овие се само некој вид информации за случувања, за работењето. Смета дека во овие известувања нема ништо лошо дотолку повеќе што до судијата стигнува информација дека некој се интересира за предметот, а Судскиот совет може во рамките на своите надлежности да превзема дејствија.

Откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не побара збор, **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека членовите на Советот се запознаени со дописот насловен како „Извештај за констатирана состојба“.

**Претседателот на советот Весна Дамева** информираше дека во продолжение ќе се разгледа четвртиот извештај за констатирана состојба

Збор заде на **членот на Советот Лорета Ѓоргиева** да го изложи извештајот.

Воедно, се констатира дека на седницата не е присутен **членот на Советот Мирсад Суроји.**

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** најнапред истакна дека ова е нова пракса на презентирање на извештаи за констатирана состојба пред Советот и дека се согласува со колегата Ивица Нијколовски дека во сите четири случаи презентирани на денешната седница станува збор за известување, за констатирани наши наводи и дека нема место за понатамошно постапување, бидејќи кога би било обратно, би произлегло поднесување на барање за утврдување одговорност.

Пристапи кон изложување на извештајот наведувајќи дека од страна на Советот на ЈО на надлежност до Судскиот совет е препратена  преставка  која е насловена како жалба и заведена во Советот под УПП.бр.08-104/22. Преставката е напишана своерачно, со ракописни букви и е непотпишана со што има третман на анонимна бидејќи е непотпишана, а гласи дека се поднесува од координативно тело на АД Центро во стечај заради постапување на претседателот на Основен граѓански суд и стечајниот управник Ацо Петров, како и стечајниот судија кој постапувал по предметот на Основен граѓански суд Скопје СТ-20/02. Известителот истакна дека самото писмено е не многу читко, кратко напишно на една страна, има телефонски број и истото како преставка е земено во работа од страна на Советот, по што е изложена на седница на Судскиот совет на ден 29.03.2022 година. По излагањето Советот оценил дека иако истата е анонимна, но сепак засега во прашања од јавен интерес, поради што наводите од преставката треба да бидат предмет на натамошно иследување, а преставката како таква е затворена со службена белешка. Дополни дека преставката е помината како основана и проследена до неа како координатор. Во продолжение известителот наведе дека постапувајќи по добиеното известување доставено е барање до претседателот на судот заради добивање на известување, посебно што и во самата преставка претседателот бил споменат како лице кое според анонимната преставка учествувал во несоодветни дејствија. Истовремено од увид во контролникот кој се води во Судскиот совет на Република Северна Македонија видно било дека во електронското досие на пресметот на Основен граѓански суд Скопје, СТ-120/02 не постоел таков вид на предмет во уписникот СТ од 2022 година, но со оглед на фактот да е побарана изјава од судијата кој постапувал по предметот се констатирало дека стечајниот предмет на кој се однесува оваа преставка е всушност заведен во судот под 1 СТ број  121/02. Дополни дека од страна на претседателот на Основен граѓански суд со писмено известување СУ 03 -884/22 од 07-ми месец 2022 година, примено во Советот на 12.07.2022 година доставено е известување од судијата кој постапува по предметот и известување од постапување по заклучок од стечајниот управник Ацо Петров од 14.06.2022 година. Во изјавата на претседателот на судечкиот совет стоело дека Советот постапувајќи по стечајната постапка отворена над стечајниот должник од областа на тровијата Центро увоз-извоз Скопје на одржаното рочиште за гласање по предложениот план за реорганизација од страна на стечајниот управник Ацо Петров се констатирало дека планот за реорганизација бил едногласно прифатен од доверителите кои имале утврдени побарувања од 91,45 % од вкупните утврдени побарувања на доверителите со право на глас, по што бил одобрен и прифатен предметниот план за реорганизација. По прифаќањето и одобрувањето на планот за реорганизација до судот дополнително пристигнале поголем број на побарувања од поранешни вработени до должникот АД Центро во стечај кои веднаш по приемот од страна на судот биле доставувани до стечајниот управник Ацо Петров за произнесување по истите. Наведе дека од изјавата истотака произлегувало дека претседателот на стечајниот совет во континуитет ја следел реорганизацијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** укажувајќи дека извештајот го има секој член на Советот замоли дали може истиот да не се чита, туку да се изнесат само кратко наводи, бидејќи извештајот го има во материјалите“? ....да ве замолам.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истотака упати замолување да биде оставена да се произнесе до крај исто како што и другите колеги се произнеле и ги изложиле извештаите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека љубезно замолила, но да продолжете

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека не одговорила нељубезно, по што продолжи со изложување на извештајот. Во продолежние наведе дека од изјавата истотака произлегувало дека претседателот на стечајниот совет во континуитет ја следел реорганизацијата по што до стечајниот совет доставувал заклучоци и известувања за начинот на спроведување на реорганизацијата од страна на реорганизаторот Леона Нова. Наведе дека во прилог со изјавата е доставено и последно известување од стечајниот управник кој постапил по изготвување на детален извештај од чија содржина произлегувало дека постапувајќи по заклучокот кој го примил на 09.05.2022 година издаден од претседателот на стечајниот совет истиот бил доставен до друштвото Леона Нова како носител на реорганизацијата согласно правосилно одобрениот план за реосганизација на АД Центро во стечај Скопје, а заради изготвување на детален извештај со сите наводи од заклучокот. Известителот дополни дека од известувањето на стечајниот управник Ацо Петров до престедателот на стечајниот совет од 15.06.2022 година се утврдува и дека истиот го известува судот за постапувањето по заклучокот од 09.05.2022 година за што доставува и извештај од Леона Нова, бр.0302/22 од 16.06.2022 година. Истакна дека за проверка на наводите бил извршен увид и во контролникот за работа на судовите кој се наоѓа во електронскиот систем на Судскиот совет, за тоа што е електронски евидентирано во електронското досие за конкретниот предмет. По увидот се констатирало дека во електронското досие на предметот на Основниот граѓански суд Скопје, СТ-121/02 стои дека предметот е оформен по прием на списи за отворање на стечајна постапка над предметниот должник од 31.03.2022, завршна одлука имало на 30.11.2017 која била правосилна на 15.06.2020 година. Истовремено истакна дека од увидот во контролникот во графа „списи“ видно е дека закчучно со 27.10.2022 година биле евидентирани бројни барања од доверители, а на 07.10.2022 година е евидентирано и барање од координативното телот на АД Центро кое е потпишано на анонимката. Понатаму заклучок 2 за после отворен стечај 25.10.2022 година, огласен дел од Службен весник на Центро 17.10.2022 година и решение од 26.10.2022 година од што произлегува дека евидентираните процесни дејствија ја потврдуваат изјавата на судијата дека претседателот на стечајниот совет во континуитет ја следел и ја следи реорганизацијата на должникот, дека до стечајниот управник доставува заклучоци за известување за спроведување на реорганизацијата од страна на реорганизаторот Леона Нова. Истакна дека од наведеното се заклучува дека нема место за натамошно постапување во дел на наводите на предметната преставка бр.08-104/22 што значи дека нема место за одговорност и постапување на Судскиот совет во правец на утврдување одговорност на судијата кој постапува по истиот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по известувањето за констатирана состојба презентирано од **членот на Советот Лорета Ѓоргиева.**

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** во дополнување истакна бидејќи тоа што има постапено како координатор по доставена основана преставка смета дека е основано тоа што го превзела и за немање можност, односно услови и основа за понатамошно постапување по истата, дека треба само да го извести претседателот на Судскиот совет и за истото има изготвено темелна службена белешка која со пропратно писмо ја има доставено понатаму.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** потврди дека се точни наводите дека има доставено службена белешка, но не кај овој, туку кај претходниот претседател на Судскиот совет, во 11-ти месец.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна функцијата претседател.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека последното известување било од 07-ми месец, тогаш е доставена изјавата од претседателот на Основен граѓански суд Скопје, а од страна на членот на Советот Лорета Ѓоргиева до претседателот е доставена во 11-ти месец, со дополнување дека смета дека таа службена белешка е во прилог на материјалите, штом е детално изготвена, а денеска не е прочитана, членовите ја имаат на запознавање, следат, анализираат и ако сметаат поинаку сега би дискутирале.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека неможе да разбере. Истакна дека изјавите се доставени во време на ферија и во време на годишни одмори, затворено со службена белешка, без основа за понатамошно постапување....не ви ја разбирам

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор дополни дека членовите се запознаени и ја имаат предвид и службената белешка и дека ќе се продолжи исто како со претходните извештаи бидејќи во истите нема заклучоци.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** по изложување на извештајот за констатирана состојба од страна на членот на Советот Лорета Ѓоргиева даде пауза од 15 минути, од 11,45 часот до 12,00 часот.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека смета дека по првиот презентиран извештај за констатирана состојба е гласано и дека лично смета дека за ниеден извештај нетреба да се гласа бидејќи станува збор за известувања во врска со превземени дејствија и заокружена постапка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека точно е дека по првиот извештај е гласано со дополнување дека во овој извештај на крајот на извештајот имало формулација и од тие причини е даден заклучок, да се запознаат членовите. Дополни дека во овој извештај презентиран од членот на Советот Лорета Ѓоргиева и во извештаите презентирани од членот на Советот Ивица Николовски немало заклучоци, имало само наводи дека Советот се запознава и затоа така е договорено.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека ќе ја прочита последната реченица од службената белешка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека на денешната седница точка на Дневен ред е Извештај за констатирана состојба, а службената белешка е во прилог на материјалите.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека службената белешка е идентична, истата е ставена во копија и последната реченица, последниот заклучок точно стои од што произлегува.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Каде е тој текст"?, дополнувајќи дека пред себе има извештај за констатирана состојба

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** продолжи со излагањето/читањето „од што произлегува дека превземените процесни дејствија.........

**Претседателот на Советот Весна Дамева** повторно постави прашање: „За кој пасос се работи" ?, со дополнение дека пред себе има друг извештај, дека кај неа не е таков извештајот и затоа прашува од каде членот на Советот Лорета Ѓоргиева го чита текстот.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека чита од службената белешка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека на Дневен ред е извештајот за констатирана состојба и замоли да не се доведува во заблуда, дополнувајќи дека во извештајот има формулација.......

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека извештајот неможе да биде различно од тоа што е, дека се работи за идентично со службената белешка, при што само е сменет називот од причини што претседателот инсистирал дека неможе да стои како службена белешка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека во конкретниот извештај нема заклучоци.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека има заклучок во последната реченица и дека ќе го прочита и дека воопшто не е точно дека нема заклучок.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се обрати лично кон членот на Советот Лорета Ѓоргиева со зборовите „дајте смирите се, незнам зошто сте нервозни", денес точка на Дневен ред е извештајот за констатирана состојба, не е службената белешка,

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** се обрати лично кон Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведувајќи дека 17 години е судија и навистина не разбира што зборува. Дополни дека воопшто не се работи за нервоза .... да не постапува

претседателот на Советот селективно, дека сите тука се членови, а претседателот само ја води седницата. Замоли седницата да се води на начин достоинствено на улогата и на функцијата Претседател на Судски совет на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека членот на Советот нема право на збор продолжувајќи да чита одредби од Законот за Судски совет.

Истовремено **членот на Советот Лорета Ѓоргиева** продолжи со читањето.... „организацијата на должникот дека до стечајниот управник доставува заклучоци за известување.......

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со оглед дека членот на Советот Лорета Ѓоргиева не дозволува пристојни услови за одржување на седницата ќе ја напушти седницата и со истата ќе продолжи да раководи **заменик претседателот на Советот Селим Адеми.**

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** констатира дека седницата ја напушти П**ретседателот на Советот Весн Дамева.**

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека стои заклучок со збор и со констатација и неможе да се каже дека нема заклучок. Во продолжение постави прашање: „Дали може уште еднаш да биде прочитан заклучокот"?

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека претседателот на советот ја напуштил седницата, но не дал пауза, туку само констатирал дека со седницата ќе продолжи да раководи заменикот од кои причини ќе се продолжи со седницата. Дополни дека според него состојбата е иста и дека ако се гласало за првиот извештај за констатирана состојба ќе се гласа и за овој извештај, по што извештајот за констатирана состојба презентиран од **членот на Советот Лорета Ѓоргиева** го стави на гласање.

По гласањето констатира дека извештајот за констатирана состојба е усвоен со 8 гласа „За".

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** изрази благодарност за неселективниот пристап.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** даде пауза во траење од 15 минути по што седницата ќе продолжи.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** замоли во записникот да не биде изнесена наративно, не некој да не прераскажува, туку онака како што стои во тонскиот запис

По паузата седницата продолжи во 12.23 часот

**Претседателот на Советот Весна Дамева** најнапред упати извинување за напуштањето на седницата. Истакна дека седницата ја напуштила од причини да не

ја прекинува, бидејќи јавноста очекува работа од Советот и ако се прекинуваат седниците поради ваквите состојби смета дека седниците никогаш и нема да завршат. Истакна дека смета за потребно да укаже дека во иднина како и досега, но отсега децидно, ќе се почитува и одредбата од чл.12 од Деловникот на Судскиот совет и одредбата од чл.38 ст.2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, дека тоа ќе биде децидно така и дека нема повеќе никој да зема право на збор бидејќи со седниците претседава Претседателот на Судскиот совет. Повторно упати извинување, со дополнување дека истото е направено во интерес на граѓаните кои очекуваат да нема прекинување на седниците и истите да не траат долго, затоа ја напуштила седницата, за да продолжи со надеж за разбирање. Дополни дека без право на збор понатаму нема право никој да зборува.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека на седницата не е присутен **членот на Советот Лорета Ѓоргиева**.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолежние истакна дека ќе се продолжи со 7-та точка од Дневниот ред - „Донесување на Одлука за измена на Комисија за редовно оценување на судии на основни судови на апелационо подрачје Скопје“

**Точка 7**

**Донесување на Одлука за измена на Комисија за редовно оценување на судии на основни судови на апелационо подрачје Скопје**

**Претседателот на Советот Весна Давева ги** информираше членовите на Советот дека од страна на Судскиот совет на 432 –та седница одржана на 28.02.2023 година донесена е одлука со која е формирана комисија за увид и оцена на судии од основните судови во Велес Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка и Неготино во која комисија член е Ѓорѓи Радојков, судија на Апелационен суд Скопје. Во продолжение истакна дека на ден 05.04.2023 година од страна на судијата Ѓорѓи Радојков е доставено барање дека од оправдани причини неможе да одговори на обврската како член на комисијата поради што бара да биде сменет од член на комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Давева** отвори расправа по 7-та точка од Дневниот ред.

За збор се јави **заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека го прочитал барањето и дека нема доказ од кои причини се бара смената, дали од здравствени или од други. Смета дека е човечки да се помогне, со нагласување во иднина да се внимава ова да не стане пракса, со цел ако се дознае да не се случи секој судија во иднина да бара да биде сменет. Овој пат ќе се помине барањето бидејќи најверојатно судијата има здравствени причини, но во иднина смета дека секое барање ќе треба да биде поткрепено со доказ од кои причини неможе да се одговори на обврската. Истакна дека во овој случај ќе гласа „За“.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** истакна дека истотака кога го прочитала барањето, а со оглед дека е коодинатор за Апелациониот суд Скопје од каде е судијата Ѓорѓи Радојков се јавила кај ВД претседателот на судот кој што ја информирал дека судијата навистина бил на некоја операција и дека ќе има третман од кои причини навистина не е во можност да работи во оваа комисија, а со оглед на интензитетот на работа што ја очекува комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека штом има потврда од ВД претседателот на Апелационен суд Скопје дека навистина е таква состојбата, а со цел да не трпи оценувањето е поднесено наведеното барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека на седницата повторно е присутен **членот на Советот Лорета Ѓоргиева.**

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека присутните членови се согласуваат со барањето, поради што ќе се пристапи кон ждребање.

**Генералниот секретар на Советот Весна Толева** истакна дека со ждребувањето е извлечен судијата Јетмире Ајдини Бошњаку**.**

**Претседателот на Советот** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

СЕ ВРШИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Одлука за увид и оценка на судии на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Неготино, бр.09-527/10 од 02.03.2023 година, така што во став 1 алинеја 2, наместо „Ѓорѓи Радојков-член на Комисијата, (судија на Апелационен суд Скопје)“, да стои „Јетмире Ајдини Бошњаку - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје)“.

Оваа одлука е составен дел од одлуката бр.09-527/10 од 02.03.2023 година. Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Во продолжение **Претседателот на Советот** истакна дека исто така на 432 –та седница на Судскиот совет одржана на 28.02.2023 година донесена е одлука со која е формирана комисија за увид и оцена на судии од основните судови на апелационо подрачје Гостивар во која комисија член е Велко Страшевски, судија на Апелационен суд Гостивар. Во продолжение истакна дека на ден 11.04.2023 година од страна на претседателот на Апелационен суд Гостивар до Советот е доставено известување дека судијата Велко Страшевски е на боледување подолг период и дека боледување ќе користи до месец јуни. Од наведените причини побарал за член на комисија од Апелационен суд Гостивар да се определи друг судија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија по барањето доставено од претедателот на Апелациониот суд Гостивар

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека ќе се постапи на идентичен начин како за првата комисија и ќе се пристапи кон ждребање.

**Генералниот секретар на Советот Весна Толева** истакна дека си ждребувањето е извлечен судијата Герасим Герасимовски.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** се јави за збор и истакна дека ја знае ситуацијата со судијата кој е извлечен, дека користи одмори, во последно време не оди на работа и чека да оди во пензија. Од тие причин смета дека нема да и помогне на комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во овој момент судијата Герасим Герасимовски неможе да се изземе, дека е добро да се изврши измена и судијата да биде известен, дополнувајќи како судијата да се изземе, дека можеби ќе сака да оценува и може да приговара.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение бидејќи одлуката за измена веднаш се доставува побара од координаторот за Апелационен суд Гостивар да стапи во контакт со претседателот на Апелационен суд Гостивар и ако судијата бара веднаш да се достави и дополнителен допис.

Координатор за Апелационен суд Гостивар**, членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека можеби е потребно контактот со претседателот на Апелациониот суд Гостивар да го направи претседателто на комисијата за увид и оцена.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна тоа да не биде како барање, туку само да се има информација дали судијата Герасим Герасимовски може да ја извршува обврската како член на комисијата за увид и оцена. Истакна дека доколку неможе веднаш на наредната седница Советот ќе донесе нова одлука.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

СЕ ВРШИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Одлука за увид и оценка на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Гостивар, бр.09-527/5 од 02.03.2023 година, така што во став 1 алинеја 2, наместо „Велко Страшевски- член на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар)“, да стои „ Ѓерасим Ѓерасимовски- член на Комисијата(судија на Апелационен суд Гостивар)“.

Оваа одлука е составен дел од одлуката бр.09-527/5 од 02.03.2023 година. Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение информираше дека за време на паузата и е доставено барање за измена и од претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми која поради обемот

на надлежностите и обврските кои произлегуваат од функцијата претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и големиот обем на работа на комисијата бара да биде ослободена од обврската да биде член на комисијата, пред се со оглед на фактот дека оваа обврска бара сестран и квалитетен придонес во нејзиното работење.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** дополни дека овој допис е доставен до сите членови на Советот во писмена форма и дека за претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија исто така на 432-та седница одржана на 28.02.2023 година е донесена одлука со која е формирана комисија за увид и оцена на судии и претседатели на Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип во која комисија по пат на ждрепка за член на комисијата беше определен претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија по барањето доставено од претедателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека од телефонскиот разговор со претседателот на Врховниот суд било укажано дека поради големи обврски со судење, со службени патувања и отсуство неможе да се состане комисијата. Дополни дека поради наведеното и од страна на претседателот на наведената комисија имало молба за да може комисијата да отпочне со работа, од член на комисијата да биде сменет претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми. Дополни дека смета дека е потребно да се направи смената за подобро да функционира комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека го дели истото мислење бидејќи обемот на работа е голем, а барањето е многу совесно, во овој момент да се бара измена за да не трпи работата. Дополни дека лично знае што значи кога претседател е член на комисија, дека е многу тешко да се одговори на сите обврски и да се искоординира со останатите членови.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна во иднина да биде пракса.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека смета дека нема основ за изземање особено што претседателот не работи предмети, освен менаџирањето поради што смета дека е послободна од другите судии во тој дел. Од друга страна смета дека доколку претседателката е ангажирана и како член на Управен одбор и таму има заменик и дека тоа е „ad cox“ решение, сега се завршува. Поради наведеното смета дека нема основ по барањето да се одлучи позитивно и дека тоа е нејзино лично мислење.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** во врска со наведеното барање истакна да не стане пракса и другите претседатели од апелационите судови да бараат и тие да се откажат од оваа обврска. Истакна дека е на мислење дека треба да продолжи како член на Комисијата.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека ова прашање е расправано и на колегиум од причини што не се работело само за барање на претседателот на Врховниот суд, туку имало и барање од претседателот што раководи со комисијата каде член е и претседателот на Врховниот суд. Дополни дека поради членството на претседателот на Врховниот суд во оваа комисија, комисијата неможела да определи термини кога да се оди на оценување од причини што имала патувања, конференции, патувања надвор од државата. Смета дека оваа смена би се направила не за да се задоволи на баарњето на претседателот на Врховниот суд, туку за да не трпи работата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека претседателот на највисокиот суд во државата има зголемени активности, патувања надвор од границите, поради што се плаши дека тоа ќе се одрази на работата на комисијата и ќе се одолговлекува целата постапка, не по вина на претседателот на Врховниот суд, туку поради околностите, бидејќи обврските тоа не го дозволуваат

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевфкова** истакна дека дава поддршка на изнесеното од страна на заменик претседателот на Советот Селим Адеми бидејќи била во личен контакт и со претседателката и со претседателот на комисјата. Поради укажувањето на претседателот на комисијата смета дека работата на комисијата не треба да трпи.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се пристапи кон ждребање или бидејќи имало различни размислувања да се гласа,

Најнапред на гласање го стави предлогот претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија да се изземе од членување во Комисијата за увид и оцена на судии и претседатели на Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ е донесена одлука со која претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судијата Беса Адеми се иззема од работата на Комисијата за увид и оцена на судии и претседатели на судови, односно од член на комисијата.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се пристапи кон ждребање со оглед на околноста да одлуката за изземање е донесена.

**Генералниот секретар на Советот Весна Толева** истакна дека со ждребувањето е извлечен судијата Џемали Саити.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

СЕ ВРШИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Одлука за увид и оценка на судии и претседтаели на Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и

Апелационен суд Штип, бр.09-527/1 од 02.03.2023 година, така што во став 1 алинеја 3, наместо „Беса Адеми-член на Комисијата(претседател на Врховен суд на РСМ)“, да стои „д-р Џемали Саити - член на Комисијата (судија на Врховен суд на РСМ)“.

Оваа одлука е составен дел од одлуката бр.09-527/1 од 02.03.2023 година. Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 8-та точка од Дневниот ред - „Разгледување на барањето од Министерство за правда за финансиска проекција на финансиски средства за спроведување на развојната стратегија за правосудниот сектор за 2023-2027 година“.

**Точка 8**

**Разгледување на Барањето од Министерство за правда за финансиска проекција на финансиски средства за спроведување на развојната стратегија за правосудниот сектор за 2023-2027 година.**

По однос на 8-та точка П**ретседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека од страна на Министерството за правда е доставено барање за финансиска проекција на финансиски средства за спроведување на развојната стратегија за правосудниот сектор за 2023-2027 година во кој е даден и предлог акциски план за спроведување на истата и образец индикативен план. Дополни дека се бара да се пополнат колоните и тоа „проценка на потребните средства“ и „извор на финансирање“, со предлог акциски план и образецот индикативен акциски план. Дополни дека смета дека по однос на финансиските барања надлежен е Судско буџетскиот совет, но по однос на активностите кои треба да се спроведат согласно акциониот план надлежен е Судскиот совет, со дополнение дека токму од тие причини овие материјали и ова барање со табелите, со акциониот план и со стратегијата е доставено до Судскиот совет.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по 8-та точка од Дневниот ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** зеде збор и истакна дека по разгледување на материјалите не видела нешто што е како обврска за Судскиот совет, мора да биде искрена. Дополни дека двајца подобро читаат, четири очи подобро гледаат и затоа е потребно Советот да размислува од причини што ќе биде врзан со тој акционен план.

Во продолжение бидејќи никој не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Дали Советот смета дека во овој акциски план треба да се прифатат сите активности со водечки органи од страна на Министерството за правда“?, дополнувајќи дека тоа е првично, а потоа можеби истото барање ќе треба да се разгледува и од Судско буџетскиот совет за да ја утврди сумата.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека со читање на барањето од Министерството за финансии произлегува дека тие го имаат правено акцискиот план и од Советот бараат произнесување за делот на финансиската проекција од причини што ќе има финансиски импликации. Смета дека не се бара Советот да се произнесе за обврските на Советот, туку дека бараат произнесување само за средствата. Дополни дека ако се работи за средствата, тогаш Судско буџетскиот совет ќе треба да каже каде да се интервенира.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека исто така смета дека треба да се произнесе Судско буџетскиот совет, но најнапред Судскиот совет бидејќи се предвидени мерки и активности за Судскиот совет. Дополни дека ова е исто како минатата година што се изготвувало и дека неможе Судско буџетски совет да одлучува под мерки...., на пример посебна цел, 1,2 „-редефинирање на условот истакнат правник", каде е предвидено дефинирање преку законски критериуми и сл. Дополни дека активноста е дадена на Судскиот совет, и дека Советот мора да предвиди кои мерки се облигаторни, кои ќе ги спроведе и рокот на спроведување. Смета дека тоа треба да го направи Судскиот совет, а понатаму може да се размислува за финансиска проекција, но пак и покрај тоа што истакнала дека смета дека Судско буџетскиот совет да одлучува, дополни дека кај неа постои дилема и дека можеби и тука треба да одлучува Советот, бидејќи Судскиот совет одлучувал за финансиски потреби, во еден претходен акциски план, минатата година, кога беше.....

**Членот на Советот Тања Чачарова–Илиевска** истакна дека бидејќи од Судскиот совет е номинирана како член за изготвување на развојната стратегија за правосудство 2023-2027 и по однос на овој Акциски план има дадено и писмени забелешки, за мерките и активностите за реализирање на општите цели од планот, од наведените причини незнае......и дека овој вака даден Акциски план не е дефинитивен и не е конечен Акциски план за да може да се прави проекција. Од друга страна смета дека она што е дадено како обврска за Судски совет, каде Судскиот совет е носечки орган не е врзано со финансиски средства барем во вака дадениот финансиски план.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од дадените обврски за Судскиот совет произлегуваат измени на законските решенија, дека тука и е размислувањето.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека смета дека во овој случај не е побарано Советот да се произнесе за акцискиот план. Смета дека можеби сакаат да прават некоја проекција за фискални импликации и овој план можеби е доставен не само до Советот, туку до многу институции, при што секоја институција доколку смета дека има некои работи кои се од доменот на нејзината надлежност и и се потребни фискални импликации за истите, тоа да го каже. Ова е законска измена и нема што Советот фискални импликации да посочува.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** истакна дека се согласува со ставот на заменик претседателот на Советот Селим Адеми бидејќи неможе да има потреба за фискални импликации во делот на измена на законите каде што е наведен Судскиот совет и тука Советот неможе да предвиди. Смета дека може да се

предвиди како што е на страна 23 – „Донесување на нова методологија за судска статистика“, со стандарди и унапредување на системот на судска статистика, што е дадено како обврска на Судскиот совет. Во продолжение истакна дека има – „Унифицирање на извештај за работа на судовите“, исто така смета дека околу унифицирање на извештаите обврската е на Советот, потоа „Превземање на податоци од граѓански сектор во рамки на институциите“, што подразбира координативни состаноци со чинители, унифицирање на податоци, подготовка на извештаи, наведен е Судксиот совет, како и Советот на ЈО. Смета дека Судксиот совет за ова треба да предвиди определени средства, исто и за – „Редовно ажурирање на судската база на податоци“, за сето ова да може да се спроведе требаат средства.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека треба средства, меѓутоа во кој износ и дека се плаши во делот како ќе се определуваат тие средства.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** истакна дека во овој дел смета дека може да помогне државниот советник Силвија Јаневска од Судско буџетскиот совет од причини што нема престава како било предвидувано околу тоа што би значело финансиски средства, за да се спроведат овие мерки.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека особено што се работи за предлог развојна стратегија и не е конечен текст, неможе на недефиниран текст да се предвидува нешто во овој момент.

**Членот на Советот Тања Чачарова–Илиевска** истакна дека откако се добиени и некакви забелешки од јавноста, токму во тие сектори каде што има забелешки, организирање на тркалезни маси, ...смета дека треба да се дефинира некаков износ, ама не на денешната седница, туку на работен состанок тоа да се заокружи.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека има дилема дали ќе се чека развојната стратегија или може и вака.

**Членот на Советот Тања Чачарова –Илиевска** истакна дека немора да се чека развојната стратегија, туку може и вака, каде што Советот има забелешки да се види што активности би се превземале во насока на поткрепа на ставот на Советот и за тоа ќе бидат потребни средства.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е даден рок од 10 дена, кој е веќе поминат бидејќи претходно не е одржана седница. Предложи да се стапи во контакт со Министерството за правда, да се остави простор Советот на наредниот колегиум, да ја разгледа стратегијата, но да не се одолговлекува. Дополни дека на првиот нареден работен колегиум Советот ќе разгледува и ќе дефинира, но да се размуслува. Дополни дека нема дилема дека Судскиот совет е надлежен при што да се разгледува точка по точка, а да се земе предвид и стариот план.

**Претседателот на Советот** Весна Дамева истакна дека со оглед дека од дискусиите по оваа точка од Дневниот ред произлегло дека треба дополнително да

се анализира состојбата по однос на доставеното барање од Министерството за правда, за финансиска проекција на финансиски средства за спроведување на развојната стратегија за правосудниот сектор за 2023-2027 година, како и дополнително обезбедување на факти и анализи, ова барање ќе се разгледува на првиот нареден колегиум, за истото ќе се донесе заклучок и ќе се извести Министерството за правда. Истотака истакна дека Министерството за правда ќе биде известено и за пролонгирање на рокот до одржување на колегиум.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 9-та точка од Дневниот ред - „Донесување на одлуки за распишување на оглас за избор на судии во Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип“.

## Точка 9

**Донесување на одлуки за распишување на оглас за избор на судии во Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип**

На почетокот на оваа точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Какви судии се потребни во наведените судови согласно извршените анализи“.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** по однос на Апелациониот суд Штип наведе дека од анализите произлегува дека ќе биде потребен 1 судија за кривичен и 1 судија за граѓански оддел. По однос на Апелациониот суд Гостивар поаѓајќи од фактот дека моментално во овој суд судиската функција ја извршуваат 11 судии, а избрани се уште двајца судии, наведе дека во судот е потребен еден судија кривичар дотолку повеќе што до крајот на годината 1 судија кривичар од овој суд ќе оди во пензија. Поради наведените причини истакна дека бара за Апелациониот суд Гостивар да се распише оглас за избор на 1 судија кривичар. Дополни дека 9 судии се граѓански судии, а моментално има само 2 кривичари.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Дали со сегашниот предлог ќе се затвори потребата за судии за Апелационен суд Гостивар, дали е доволен бројот за нормално функционирање, бидејќи пополнет неможе да биде“?

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека во иднина, според систематизација како што е предвидено, за целосно пополнување на бројот на судии во Апелационен суд Гостивар ќе треба уште еден судија за граѓански оддел.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** повторно постави прашање: „Дали со сегапшниот предлог ќе се затвори потребата за судии и за Апелационен суд Штип“?

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека со овој оглас за избор на 2 судии нема да се затвори потребата за судии во Апелационен суд Штип. Дополни

дека имајќи ги во предвид состојбите во овој суд очекува за останатата потреба од судии да се произнесе комисијата што работи на тоа.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** со оглед на фактот да членот на Советот Мери Радевска не е присутна, а е координатор за работата ан Апелационен суд Штип истакна дека ќе даде свое видување во делот каков кадар недостасува во Апелацииoнен суд Штип со оглед на фактот дека и потекнува од истото апелационо подрачје. Во продолжение најнапред потсети дека имало проблем со делегирањата од граѓанска во кривична област на колеги кои биле кривичари токму поради фактот што во Апелационен суд Штип бројот на граѓански предмети е многу поголем за разлика од кривичните предмети. Врз основа на наведеното истакна дека според лично мислење во Апелациониот суд Штип недостасуваат 2 судии граѓанци, со дополнување дека тоа точно треба да се утврди при што да се види моменталната состојба на број на предмети спрема број на судии. Истакна и дека е познато дека 2 судии наредната година одат во пензија, еден граѓански и еден кривичен судија поради што смета дека недостатокот е кај граѓанските судии. Таму има голем заостаток.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека со оглед на потеклото од тоа апелационо подрачје нужна состојба во Апелационен суд Штип се можеби 5-6 судии, но имајќи ја предвид состојбата дека и основните судови имаат реален проблем, смета дека прво треба да се пополнат основните судови за да може да се повлекуваат и тие кадри од 5-6 судии кои недостасуваат во Апелациониот суд Штип како реална и нужна потреба до крајот на годината, односно почетокот на новата година. За конкретниот случај за кој со мнозинство Советот одлучил да расправа на оваа седница, истакна дека состојбата е таква каде што се потребни и граѓански и кривични судии при што да се има во предвид и фактот дека од кривичниот оддел еден судија оди во пензија на почетокот на јуни месец. Истакна дека смета дека е добро првично да се изберат 2 судии во Апелационен суд Штип, односно да се распише оглас, дополнувајќи дека се согласува со предлогот, да биде еден граѓански и еден кривичен судија. Наведе и дека во догледно време таму ќе треба да се изберат уште најмалку 5-6 судии, но во оваа нужна состојба сегашниот предлог го гледа како добар, еден со еден, односно еден граѓански и еден кривичен судија.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** истакна дека е пред се изненадена што има предлог за оглас без да бидат дадени конкретни податоци. Дополни дека очекувала од колегата што ја предложил оваа точка на Дневен ред да даде конкретни податоци, поаѓајќи од апелационен суд Гостивар. Во продолжение истакна дека членот на Советот кој дал предлог рекол 9 граѓански судии и 4 кривичари заедно со двајцата избрани кривични судии.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека со двајцата новоизбрани судии кои сеуште не дале заклетва се 5 кривичари.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** во продолжение истакна дека очекувала да биде кажано колкав е бројот на судии во Апелационен суд Гостивар по систематизација, колку судии има во моментов граѓански и кривични, како и број на предмети, за да врз основа на некоја анализа Советот донесе сериозна одлука. По однос на Апелационен суд Штип смета дека исто така е

нафрлено, дополнувајќи дека е неспорно дека претседателот на Апелационен суд Штип два –три
пати се обраќал со писмо и дека недостасуваат судии ..... и од здрав разум се предлага еден кривичен и еден граѓански судија. Дополни дека и е познато дека за работните спорови се распоредени да работат судии кривичари бидејќи нема граѓански судии. Смета дека ако воопшто се размислува за Апелационен суд Штип треба исклучиво граѓански судии, нагласувајќи повторно дека се разговара без податоци пред себе, што смета дека е несериозно.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** во реплика истакна дека имајќи предвид дека во Апелационен суд Штип состојбата е алармантна, не од сега, можеби и од пред една година да се остави простор. Дополни дека останува предлогот да биде еден судија во кривичен оддел и еден судија во граѓански оддел. Истакна дека станува збор само за предлог имајќи ја во предвид алармантната состојба која сега ја има во Апелационен суд Штип, со дополнение дека ако се постигне договор помеѓу колегите може и граѓански судии. Целта е да не се доведе состојбата да неможе да функционира Апелационен суд Штип, што не значело дека утре врз основа на податоци комисијата да даде конкретен извештај и да се објави повторно нов оглас. По однос на Апелационен суд Гостивар истакна дека смета дека е јасно и од негова страна се дадени податоци.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** во реплика истакна дека не се дадени податоци за број на предмети, ниту колку судии се предвидени по систематизација.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека со членот на Советот Мирјан Радевска-Стефкова се на исто мислење по однос на бројот на судии. Истакна дека зборува по сеќавање бидејќи цела година имало проблем да стапи во сила годишниот распред токму поради приговорите на двајцата колеги кривичари кои биле распоредени да работат граѓанска материја, токму од причини што неможел да се совлада приливот, имало таков голем недостаток на решавање на граѓански предмети, токму поради недостаток на граѓански судии. Истакна дека лично смета дека кога ќе се проверат податоците повторно ќе се дојде до истото, односно до истиот заклучок, дека ако нешто е неопходно за Апелационен суд Штип тоа се двајца граѓански судии бидејќи во текот на годината еден оди во пензија. Од друга страна истакна дека колку што ја држи сеќавањето мисли дека односот на граѓански и кривични предмети бил 1:3 или 1:4 во смисла на еден кривичен предмет, четири граѓански предмети. Дополни дека додека судиите од кривична материја немаат предмети во работа или имаат по неколку предмети, во граѓанско цела година имало огромен број на нерешени предмети. Затоа смета дека оваа материја може да се амортизира колку толку само со избор на двајца судии од граѓанска област, а кривичен судија смета дека таму не недостасува.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека во Апелационенсуд Гостивар по систематизација има 16 судии, активни се 10 судии, 1 претседател, значи 11 и 1 судија чија функција е во мирување 12 судии, што значи ситуацијата реално е 9 :3 со тоа што од 4 слободни места 2 ќе се пополнат во скоро време, а 1 судија ќе оди во пензија. Од овие причини смета дека со избор на 1 кривичен судија состојбата во Апелационен суд Гостивар ќе биде доволна

моментално и ќе може судот да функционира, а за понатаму ќе се види, ако има зголемување на предметите може да се избира и друг судија. По однос на Апелационен суд Штип наведе дека по систематизација се 16 судии, моментално се 9 судии, а бројот на испразнети места е 7.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека во овој суд до септември месец уште 3 судии ќе одат во пензија.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека тој податок не му е познат и дека она што го кажува се податоци кои ги покажува системот. Затоа смета дека во моментот е добро за Апелационен суд Штип да се разпише оглас за избор на 2 судии, а во иднина доколку има потреба и зависно како ќе се движи динамиката со пополнување на судиските места со академците би можело повторно да се објави нов оглас. Смета дека моментално 2 места во Штип ќе бидат доволно, со тоа што е потребно да се постигне договор дали ќе бидат еден граѓански и еден кривичен или ќе бидат 2 граѓански судии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека договор нема од причини што не е присутен координаторот за Апелационен суд Штип а и нема податоци од страна на комисијата. Дополни дека неслучајно кажала зошто не го прифаќа предлогот и ќе биде категорична до крај, бидејќи нема анализи направено, нема факти, нема врз основа на кои факти и докази денес да се носи одлука, особено за Апелационен суд Штип. Истакна дека навистина не и е јасно и дека, сега се доведуваат во ситуација, може, мислам ....итн. Во продолжение истакна и дека одлуките Советот ги носи врз основа на факти и аргументи, согласно закон, за потреба има, во сите судови има, но како што и претходно истакнала, се плаши дека Советот и селективно ќе се однесува. Што ќе се случи кога ќе се види дека за Апелационен суд Штип и Апелационен суд Гостивар има распишано оглас, а за Апелационен суд Скопје нема? Од тие причини се обрати до кординаторот за Апелационен суд Скопје со прашање: „Дали има нешто да се произнесе, по однос на ова, дали во Апелационен суд Скопје не фалат судии“ ?

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** координатор за работата на Апелационен суд Скопје истакна дека од тие причини и претходно кажала дека е изненадена од несериозноста на постапувањето. Дополни дека во Апелационен суд Скопје има ситуација на крај на март да судија во граѓанскиот оддел има по 470 предмети, а Советот ќе распишува оглас за Апелационен суд Гостивар без престава за колку предмети, за било што. Истакна дека очекувала од колегата кој го дал предлогот да излезе со податоци за своите предлози и за едниот и за другиот суд, за што смета дека така било договорено и на работниот состанок, да се излезе за сите апелации, меѓутоа да се излезе со податоци. Дополни дека ред било како што се договориле, така и да се направи, а тоа денеска не го гледа.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека емоциите треба да се оставаат на страна и дека колку што е познато на сите за Апелационен суд Скопје во тек е оглас за пополнување на судиски места. Дополни дека доколку се смета дека за Апелационен суд Скопје треба да се објави нов оглас иако по веќе објавениот сеуште не е одлучено, нема да се противи на тој предлог, ако има таков. Истовремено истакна дека ако не се избрани основни судии, а да бираат

второстепени....тоа е веќе друго. Дополни дека смета дека предлогот што го дал е конкретен и може само да се стави на гласање, а дали ќе помине или не тоа е друго прашање.

**Заменик претседателот Селим Адеми** истакна дека кога се има чист предлог за Апелационен суд Гостивар и не е спорно дека е потребен 1 кривичен судија, бара предлогот за распишување на оглас за избор на 1 судија во Апелационен суд Гостивар да се стави на гласање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го повика координаторот за Апелационен суд Гостивар да се произнесе.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** координатор за работата на Апелационен суд Гостивар истакна дека има комисија која треба да се произнесе, се работи на тоа, од друга страна денес има предлог кој што е веќе изгласан. Смета дека е факт потребата од судии, тука нема дилема, некаде состојбата е нужна, некаде судовите тешко функционираат, едноставно се доведуваме во ситуација каде што навистина незнам што да кажам. Потреба има неспорна, детектирана е таа состојба, но има и комисија во која што сум претседател која што треба да се произнесе врз основа на анализи.

**Членот на Советот Мирјана Радевска- Стефкова** во реплика на дискусијата на членот на Советот Хахиф Зендели истакна дека не дискутирала врз основа на емоции, дека се работи за цело судство во државата и токму поради тоа како и поради загрижувачката состојба со судиите, како во основните, така и во апелационите судови и во Врховниот суд очекува Советот да работи врз основа на податоци и анализи.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека уште на почетокот на седницата е покажано расположение да оваа точка се стави на Дневен ред. Предлогот е прифатен за 1 судија во Апелационен суд Гостивар и 2 судии во Апелационен суд Штип. Во продолжение истакна
дека се согласува со членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова дека сите предлози и одлуки треба да се носат совесно и одговорно, врз основа на направена анализа, утврдени факти ...итн, итн. Меѓутоа општо познат факт е дека состојбата во сите судови, во цела држава е дефицитарна. Од тие причини истакна дека смета дека ништо нема да биде лошо и нема да биде негативно ако оваа одлука се усвои и се пристапи кон избор. Дополни дека кога ќе стигне анализата секако таа ќе покаже дека потребите не се задоволени, по што ќе бидат распишани и нови огласи. Нема да се греши затоа што кога би имало ресурси да се распишат огласи во секој суд, тоа би било добредојдено, но исто така се знае дека со бројот на судии кои што ги исполнуваат условите, земајќи ги во предвид сите индикатори сме ограничени. Поради наведеното смета дека нема ништо страшно да оваа одлука 1 судија за Апелационен суд Гостивар и 2 судии за Апелационен суд Штип помине од причини што и со анализата која што ја очекуваме ќе излезе дека е оправдано и дека нема да се задоволат потребите.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека нема дилема дека е оправдано, тука нема дилема.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека дилеми има бидејќи има различни размислувања, а координаторот за Апелационен суд Штип не е тука. Од тие причини смета дека предлогот на заменик претседателот на Советот Селим Адеми да се оди поединечно е можеби најиправен. Истакна дека неможе едни мислат да се оди само граѓанско, други граѓанско и кривично, координаторот не е тука, анализи нема, тогаш ќе излезе дека одлуките се носат од емоции. Во таа насока предложи да се оди поединечно за да не почуствува никој од судовите дека Судскиот совет се однесува селективно. Во продолжение истакна дека за Апелационен суд Гоостивар се направени анализи, нека се гласа. Во овој момент се доведуваме во непријатна ситуација, незнам зошто е брзањето, нека дојде и координаторот, нека се направат анализите, седница има на 26.04.2023 година. Воедно, постави прашање: „Што ќе се прави со Врховниот суд со оглед да двете последни места не се распишани“ ? ...... несакам веќе да коментирам

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека потребата од судии во апелационите судови е постојана поради што се согласува потполно дека треба да се направи анализа. Истакна дека повторно ќе нагласи дека имајќи го предвид фактот дека во Апелационен суд Штип има алармантна состојба треба да се објави оглас и тоа не за 2 судии, туку као што рекол членот на Советот Сашко Георгиев и за 6 судии, но сепак смета дека дадениот предлог треба да помине, а по однос на комисијата што ќе даде предлог согласно анализите.

**Претседателот на советот Весна Дамева** побара поради различните размислувања да се резимира, дополнувајќи дека за Апелационен суд Гостивар тука е координаторот и ја истакнува потребата, додека за Апелационен суд Штип нема ниту анализи, ниту координатор и нема од каде да се црпи сето тоа. Истакна дека имало различни размислувања, колегата Ханиф Зендели кажал 1 кривичен 1 граѓански судија, некои колеги кажале само граѓански, па како член кој треба да го изрази ставот е навистина во заблуда кој ....

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** повторно истакна дека кога има чист предлог за Апелационен суд Гостивар да се оди денес со распишување на оглас за Апелационен суд Гостивар, а за Апелационен суд Штип кога ќе дојде координаторот да се договори дали ќе бидат двајца или еден со еден. Смета дека со тоа се согласуваат сите членови и нема дилема.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** повторно побара од координаторот за Апелационен суд Гостивар да се произнесе дали се согласува дека во овој суд е потребен кривичен судија.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека со оглед дека состојбата, врз основа на општата анализа, не само детална и дека ќе оди во пензија колегата кој што денес е номиниран за член, Герасим Герасимовски, во октомври состојбата е неспорна пред се ако се има предвид колку време ќе биде потребно за оценување, за ранг листи....па ако се стигне до крајот на годината ќе биде добро.,. Истакна дека нема да се згреши сигурно, но се работи за заеднички став и како ќе се одлучи, така нека биде. Смета дека е подобро сега отколку да се чека да отиде судијата во

пензија, па нови предмети, прераспоредување, нема ефект во таква состојба. Нема да се згреши сигурно во тој дел.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** побара збор. Истакна дека не се согласува со заменик претсетелот на Советот Селим Адеми дека нема дилеми, не се согласува ниту со констатацијата на Претседтелот на Советот за селективност и селективно одлучување, посебно ако се раздвојат, односно попрецизно ако денес е донесена одлука да се распише оглас и за судии на Апелационен суд Штип и за судии на Апелационен суд Гостивар, за број како што беше поминато, смета дека токму ако сега се раздвои и се одлучи само за Апелационен суд Гостивар, а не и за Апелационен суд Штип дури тогаш Советот ќе биде селективен и на удар. Во продолжение обраќајќи се кон Претседателот на Советот истакна дека иако се обидовте од колегата Сашко Георгиев како координатор да извлечете податок дека е потребен токму кривичен судија, дека никаде такво нешто не слушнала, ниту анализа од колегата дека треба токму кривичар, ниту со анализа, ниту со збор. Во делот за Апелационен суд Штип истакна дека навистина не е тука координаторот меѓутоа дека сите се сведоци дека цела година имало проблеми со распоредот за Апелационен суд Штип токму заради целиот баласт на предмети од граѓанска материја кои лежеа. Ако веќе нема конкретни анализи, ниту за едниот, ниту за другиот суд, нека стои одлуката за избор, а дополнително врз основа на анализите и од колегата Сашко Георгиев со бројка, број на предмети и број на судии, граѓански и кривични исто и за Апелационен суд Штип, граѓански, колку судии работат во тие области, тогаш дополнително да се дефинира каков профил на кадар и на судии требаат за конкретните огласи.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека не се согласува со членот на Советот Лорета Ѓоргиева, дополнувајќи дека истакнал дека не е спорна состојбата за Апелационен суд Гостивар, а не рекол дека не е спорна состојбата за Апелавционен суд Штип. Смета дека ако е спорна состојбата за еден суд неможе да се каже дека е спорна и за другиот суд. Побара да се постигне согласност и да се каже дали огласот за Апелационен суд Штип да биде 1 со 1 или 2 со нула, зошто за Апелационен суд Штип е спорно, а за Апелационен суд Гостивар се е јасно бидејќи треба 1 судија кривичар. Ова од прични што во Апелационен суд Гостивар моментално има тројца судии кривичари, еден ќе оди во пензија, остануваат двајца судии, плус 2 што се избрани значи четири, плус 5 граѓански, вкупно девет судии. Од тие причини истакна дека треба 1 судија да се избере и дека сите анализи тоа го кажуваат и тука нема ништо спорно.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека не видела анализи.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** се обрати до членот на Советот Лорета Ѓоргиева какви анализи сака, да се нацрта, со слики, со графикон......отвори ќе видиш.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека незнае зошто има контрадикторност кога треба да се одлучува, а биле побројни кога донеле одлука да се одлучува за ова прашање. Дополни дека добро се сеќава на почетокот, утрово од страна на колешката Мирјана Радевска-Стефкова токму овие критериуми, овие анализи и присуството на координатори било напоменато. Поминато е преку тие наводи и не е гласана одлуката денеска да не се одлучува за ова прашање. Токму од изнесеното на колешката Мирјана. Меѓутоа сите знаеме дека одлуките се носат со мнозинство гласови и дека сега е ставен во ситуација да биде демократ и да ја почитува одлуката на мнозинството. Тоа прашање е завршено, сега се оди еден и тоа со број, не е кажано само во кој суд, туку се кажани и броевите на судии кои треба да бидат избрани, 1 во Гостивар, 2 во Штип. Во продолжение истакна дека пак останува и без анализа да се каже 3 во Гостивар, 5-мина во Штип, нема да се погреши. Смета дека анализата ќе го потврди ова што денеска ќе се одлучи, дека потребата е присутна и во Гостивар и во Штип. Истакна дека е убеден дека така ќе биде и за Апелација Скопје и дај боже да се спроведе изборот кој е во тек, исто и во Врховен. По однос на судовите кои сега се опфатени истакна дека се надева дека на една од првите наредни седници, еве како што е Врховен суд, да се одважи Советот и таму да направи избор, да се излезе во пресрет на потребите на овој суд итн.... Смета дека сега е доцна да се кажува дека нема анализа, дека координаторот не е тука....јас мислам вака, јас мислам така....тоа прашање било уште утрово решено.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од дискусијата на членот на Советот Ивица Николовски произлегува дека во моментот може да се распише оглас за сите судови и за Врховен суд. Дополни дека нема да го спори овој став зошто подоцна ќе произлезе дека требало сегде и тоа е неспорно,. Истакна дека ја почитува одлуката на мнозинството и од тие причини смета дека за Апелационен суд Гостивар не е спорно, но за Апелационен суд Штип е спорно бидејќи еден дел од членовите сметаат дека е потребно само граѓанско, едни граѓанско и кривично поради што кај неа се јавува дилема. Од наведените причини истакна дека во овој момент нема да гласа и дека смета дека не е задоцнето на наредната седница да се одлучува за сите судови од причина што Апелационен суд Штип е спорен. Во продолжение истакна дека својот став го кажала уште на самиот почеток, дека не е ниту за Апелационен суд Гостивар од причините кои ги навела, но сега бидејќи Советот ја донел одлуката морам да ја почитува, кај неспорна одлука. Кај спорна неможем гласот да го даде а после месец дена да произлегло од анализите дека одлуката не е спорна, не сега во моментов кога го дава гласот сака да знае дека е исправна нејзината одлука и сега и во иднина.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** како координатор за Апелационен суд Гостивар истакна дека со оглед дека е донесена одлука за мнозинство за распишувањена оглас за избор на судии во Апелационен суд Гостивар, доколку сега се одлучи да се донесе одлука за избор на судија во Апелационен суд Гостивар ќе го заокружиме тој процес и ќе го има како една состојба на решение и во нарениот период од 6 месеци или година време можеби ќе нема потреба во тој дел да се размислува, во некое догледно време. Дополни дека ќе останат Апелационен суд Штип, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Битола, евентуално бидејќи гледа дека и во Битола има доста, ....но тоа координаторите ќе го кажат. Од тие причини наведе дека остава ----- А за наредниот период, за година две ќе се врател и колегата, по однос на пензионирањата ќе се одело етапно. По однос на Апелационен

суд Штип наведе дека по негово убедување треба 1 кривичен и 1 граѓански судија, но ако држи место не е спорно да се сослуша и координаторот .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Што доколку за 2-3 недели произлезе дека за Апелационен суд Штип се потребни уште 3 судии, повторно ли ќе се распишува оглас“? со дополнение дека ќе изгледа несериозно ....ќе испаднеме несериозни.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека во Апелационен суд Штип има реална потреба од 4 – 5 судии, нужна потреба, но нема и од каде да се реши состојбата од причини што е позната и состојбата во основните судови во источна Македонија. По негово убедување смета дека прво треба да се изберат академците и веднаш да се размислува за
таа поголема бројка во Апелационен суд Штип, а сега бидејќи е нужна состојбата за 1, 2 судии смета дека нема да се погреши, не смета убеден е.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна сега 1, 2, на 26 –ти ќе се бара уште 1, 2, после месец дена уште 1, 2. Предложи Апелационен суд Штип да се остави за 26-ти ако се стигне со анализите и тогаш ако треба 4 или 5, или 2 или 1 колку ќе треба, но координаторот и анализите тоа да го направат.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се почитува Деловникот и дека членовите на Советот имаат право по определено прашање да дискутираат 3 минути, со право на повторна дискусија од дополнителни 3 минути. Истакна дека членовите Лорета Ѓоргиева и Ивица Николовски го искористиле своето право деловнички.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** побара збор.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** не даде збор со наведување дека Деловникот тоа не го дозволува.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** постави прашање: „Дали Деловникот не дозволува да дискутира за прашање што е темана одлучување “ ?

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го прочита чл.12 ст.8 од Деловникот на Судскиот совет на Република Северна Македонија наведувајќи дека согласно овој член, „член на Советот може да дискутира по определено прашање, најмногу 5 минути, со право на повторна дискусија од дополнителни 3 минути“. Се обрати на членот на Советот Лорета Ѓоргиева со констатација дека 2 пати сигурно, а можеби и 3 пати дискутирала.

Откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за донесување на одлука за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област го стави на гласање.

По гласањето констатира дека предлогот за донесување на одлука за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар е усвоен со 7 гласа „За“ и 2 гласа „Против“.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за донесување на одлука за избор на судии на Апалационен суд Штип и тоа 1 судија за кривична област и 1 судија за граѓанска област го стави на гласање. Дополни дека овој предлог го става на гласање бидејќи бил прв предлог на членот на Советот Ханиф Зендели.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** процедурално се јави за збор. Истакна дека доколку членот на Советот за Ханиф Зендели за Апелационен суд Штип предложил 1 кривичен и 1 граѓански судија дека лично истакнува предлог огласот за овој суд да биде распишан за 2 граѓански судии од причини што смета дека во Апелационен суд Штип е алармантна состојбата со граѓански судии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** на грасање го стави првиот предлог предложен од членот на Советот Ханиф Зендели

**Членот на Советот Ивица Николовски** процедурално истакна дека мора да се научат на ред и да се почитуваат, дополнувајќи дека со предлагање е завршено и дека сега се оди кон усвојување на веќе поднесените предлози. Во фаза кога треба да се произнесеме по предлозите добиваме нов предлог. Смета дека предлогот не би требало да биде прифатен.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** процедурално истакна дека предлогот чрненот на Советот Лорета Ѓоргиева го истакнала уште за време на дискусијата и дека не е истакнување на нов предлог. Истакна дека имало два предлога, еден од колегата Ханиф и еден од судијата Лорета.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека со оглед дека и е ограничен тајмингот

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека има два предлога. Прво на гласање ќе се стави предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели, ако тој помине во ред, ако не ќе се оди на другиот предлог.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во интерес на сите членови и на присутната јавност кога се става еден предлог на гласање ако се донесе одлука за првиот предлог, со понатамошните предлози не се продолжува. Дополни дека имало различни дилеми во јавноста, затоа ако не помине предлогот на колегата Ханиф, тогаш ќе се оди со другиот предлог, затоа на гласање ќе се стави прво првиот предлог.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека бара на гласање да се стави и вториот предлог.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави првиот предлог предложен од членот на Советот Ханиф Зендели да се распише оглас за избор на двјца судии во Апелационен суд Штип, 1 граѓански и 1 кривичен судија.

По гласањето констатира дека предлогот за донесување на одлука за избор на двајца судии на Апелационен суд Штип е усвоен со 6 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со оглед дека одлука е донесена нема да се пристапи кон гласање за вториот предлог.

Врз основа на спроведеното гласање за Апелационен суд Гостивар и за Апелационен суд Штип **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:**

За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област;
За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип за кривична област и
За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 10 точка „Разно“.

**10 Точка**
**Разно**

Во 10-та точка од Дневниот ред **членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека сака да произлезе заклучок кога работната група задолжена за Основен суд Куманово повторно би одела во посета на Основен суд Куманово, а со цел утврдување на фактичка состојба по однос на прашањето за меѓучовечките односи. Дополни дека ова го прашува од причини што бил празничен период, кој бил тука кој не, но и дека имало повик и од медиумите, поради што само користи прилика кога како работна група би одвоиле ден да се посветат на ова прашање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на ова утрината кога пристигнала на работа на меил имало стигнато некои прашања од телевизија АЛСАТ –М, односно дека се работело за едно прашање, а претходно имало и други дека ќе го прочита дословно - Претседателот на Советот пристапи кон читање на прашањето -„Дали сте изготвиле извештај или дали координаторот ви доставил извештај“ дополнувајќи дека не го причитала добро, мисли дека вака гласело и дека ќе го даде веднаш по завршување на седницата. Смета дека одговорот на прашањето е токму она што го кажал членот на Советот Ивица Николовски, кога се планира посета и што се планира, за да знае, бидејќи постои интерес од јавноста да бидат известувани.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека прашањето е добро. Факт е дека истото произлегло од медиумите и било препратено од Министерството за правда до Советот. Дополни дека известувањето
било доставено до него како координатор за работата на Основен суд Куманово претходната недела. По однос на истото постапил како што е редот и го доставил до Советот, Судски совет да се произнесе по барањето на Министерството за правда, не работната група, туку целиот Судски совет, па потоа да се донесат заклучоци што понатаму ќе прави Судскиот совет по конкретното известување на Министерот за правда. Дополни дека повеќе од ова сега за сега, неможе да каже ништо, но откако Судски совет ќе донесе заклучок, ќе се постапи и ќе се одлучува по тоа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека затоа известувањето било препратено до координаторот бидејќи видно од записникот на самата седница, кој е усвоен и објавен јасно произлегувала обврската да се изврши повторна посета. Се обрати до членот на Советот Ханиф Зендели, да се прочита записникот, дополнувајќи дека не гледа причина како што кажува членот на Советот Ханиф Зендели, Судски совет да гледа, ...што да гледа Советот? Во продолжение истакна дека Судскиот совет на самата седница се произнел, а и наводи се такви....„ќе одиме уште еднаш во работна посета“. Од наведените причини **Претседдателот на Советот Весна Дамева** смета дека враќање во Судски совет нема дури не се изврши обврската која е дадена од страна на Советот на самата седница. Повторно истакна да се прочита тој записник, дека таа самата го читала и поради интересот од јавноста и го констатирала тоа, со дополнение обраќајќи се кон членот на Советот Ханиф Зендели   дека – „самите и Вие тоа го предлагате и затоа така останало да одите“.

**Членот на Соетот Ханиф Зендели** истакна дека Судски совет го има усвоено записникот, записникот е поминат и не е само негов како координатор, туку на работната група која била во посета. Поради тие причини имајќи предвид дека има интерес од Министерот за правда и јавноста, по негово мислење првично треба да се разгледа известувањето на Министерот за правда, а потоа  да се постапува, иако како координатор бил во тек по однос на се што се превзема и кои се наредните чекори по однос на тој записник или извештај што го усвои Судскиот совет.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека очигледно постои недоразбирање. Дополни дека тој извештај е усвоен на седница на Судксиот совет, но на таа седница каде што е усвоен извештајот имало заклучоци од страна на Судскиот совет,  дека повторно требало да се оди на работна посета. Не зборува за тој извештај, но  видете го записникот. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** се обрати до генералниот секретар на Советот Весна Толева со прашање: „Дали е усвоен тој записник“ ? Откако доби одговор дека е усвоен и објавен дополни дека во записникот има наводи дека не е целосен, дека уште еднаш ќе се оди во Основен суд Куманово.. Треба таа обврска што е дадена практично и од Судски совет треба ли повторно да се гледа на колегиум, нема што да се гледа на колегиум.

**Членот на Соетот Ханиф Зендели** истакна дека нема да се гледа извештајот, туку ќе се разгледа само известувањето од Министерството за правда. Тоа што ќе го

превземе работната група, дека се во тек и планираат кога да биде следниот чекор. По однос на  известувањето истакна дека смета дека е јасен, Советот треба да го разгледа само известувањето од Министерството за правда, а не извештајот, само известувањето од правда е дадено за колегиум., а извештајот за Основен суд Куманово е поминат и тоа е друга работа .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се сеќава, имало колегиум минатата недела кога била во Холандија  и кога излегло во јавноста била во координација со заменикот претседател на Советот и дека веќе се запознаени на колегиум со тоа, со тие прозивки во јавноста. Поради наведеното истакна дека не гледа  причина..... Побара од координаторот за работата на Основен суд Куманово или од работната група да биде известена што е постапено.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека со оглед дека е член на работната група за посета на Основен суд Куманово, било тоа кон крајот на јануар и почетокот на февруар, на посетата биле колегата Ханиф како координатор и претседател на комисијата, тој и членот на Советот Ивица како членови на комисијата, произлегол извештај за сосојбата, а на колегиум било одлучено како што рековте и вие претседателке повторно да се оди во посета при што да се има конкретна цел, не само гледање предмети, туку и друга проблематика што треба да се реши. Истакна свој предлог дека покрај трочлената комисија треба да има уште плус двајца членови, како петточлена комисија, група, да се детектира проблемот и да се знае што е, како е, да не  остене во јавноста и не само во јавноста туку и помеѓу самите членови да виси одредена состојба. Побара групата да биде поголема за да има една конкретна и реална состојба на терен. Поради наведеното предложи да се има поголема бројчана комисија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со годишниот распоред се формираат работни групи, но секој што побарал  немало пречка да бидат вклучении и други членови. Побара да се постигне договор уште кои двајца, по што така ќе го потпише тој заклучок за посета.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** побара другите членови да бидат определени од претседателот на Советот или да се јават доброволци.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна нека се јават, пет, шест колку ќе требаат, но нека биде завршена работата, дека за не а е се прифатливо, со дополнение дека исто и по другите судови кога ќе се оди ако се смета за потребно уште членови, апсолутно нема дилема.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека за неа како посериозен проблем кој произлегува од извештајот по кој се расправа, произлегувал од предметите од областа на стечајот и стопанските спорови кои останале нераспоредени. Посебно смета дека тука на Судскиот совет како бумеранг ќе му се враќа назад проблемот кој се создал поради несоодветна анализа и несоодветно постапување на Советот. Дополни дека читајќи ја изјавата од ВД претседателот на Основен суд Куманово Снежана Манев видно било дека проблемот со овие предмети се содзал,  кога ......пак ќе кажам не видела анализи, кога по хоризонтала на место судија во Основен кривичен суд со организиран криминал Советот избрал

колега кој работи стопанско и стечај од Основен суд Куманово. Од изјавата на претседателот видно било дека со ваквиот несоодетен избор Советот направил проблем во Основен суд Куманово. Тоа произлегувало и од материјалите кои ги имало како прилог кон истиот извештај. Поради наведеното смета дека треба Советот да се позанимава со тој дел, со решавање на проблемот кој сами го создадовме.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара да не се има лични заклучоци --- „несоодветен избор„ „несоодветна одлука“ дополнувајќу дека Судскиот совет одлуките ги носи со мнозинство и стои позади секоја одлука. Не случајно одлуките се гласаат со „За“ и „Против“ и одлуките и не треба да се едногласни, треба да се размислува и не треба да се сваќа емотивно, ниту никако....немојте со зборот „несоодветен избор“. Истакна дека Судксиот совет секогаш одлуките кога ги носи се соодветни иако и самата не се согласувала со сите, гласала против, но морала да ги почитува. Еве и денешниот ден го потврдила тоа, мнозинството смета и готово....

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** во реплика истакна дека само сака да каже дека од овој извештај произлегол проблем кој го создал Судскиот совет.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека ниту еден претседател во судовите нема право да се меша во изборот на Судксиот совет, кои судии ќе ги бира, надлежност нема ниту во закон, ниту никаде. Смета дека ако ова е вокабуларот на ВД претседателот на Основен суд Куманово, дека Судски совет правел несоодветен избор, тогаш стварно се чуди со ВД претсдателот, да коментира дека Советот избрал несоодветен, а кога таа била бирана за претседател соодветна била? А сега изборот на Советот за повисок суд кога бираме судии. Во продолжение **Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека се оградува од зборот на претседателката, ако е ова вокавуларот на ВД претседателката.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека очигледно не се разбрале.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми**, со обраќање кон членот на Советот Лорета Ѓоргиева истакна дека доколку таа смета тогаш е друга работа.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека е расчистено, односно дека колешката Лорета Ѓоргиева рекла „сметам дека“, што значи дека тоа е нејзин заклучок и нема врска ВД претседателот.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** истакна дека во тој случај е во ред.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** побара да се испечати записникот каде што е разгледуван извештајот и да се видат наводите. Постави прашање: „Кој период ќе се оди повторно во Основен суд Куманово“?

**Членот на Соетот Ханиф Зендели** истакна дека посетата може да биде и наредната недела во зависност како ќе се договори работната група.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека доколку работната група смета дека се потребни и други членови слободно да се вклупат.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** се јави за збор и истакна уште еден предлог. Побара пред да се гласаат записниците и да бидат ставени на усвојување, секој од членовите на Советот да може да има увид во тонскиот запис.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање до генералниот секретар на Советот: „Дали досега се случило член на Совет да побара тонски запис, а да не му биде обезбеден и дали некој член воопшто побарал“?

**Генералниот секретар на Советот Весна Толева** истакна дека досега од неа како генерален секретар не е побаран тонски запис.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека незнае од каде сега произлезе овој предлог бидејќи знае дека секој член на Советот, во секој момент може да го преслупша тонскиот запис, дали некогаш има кажано дека не смее или дека се чуваат настрана. Истакна дека во иднина секој член од Советот не само тонски запис, туку и материјали од расправи по барања за утврдување одговорност, во секој момент може да изврши увид во било кој материјал, дури и да не се ставени во материјали, се може да врши бидејќи е колективно тело, повторно напомена.

**Заменик претседателот на Советот Селим Адеми** со цел повеќе да не се губи време со записници постави прашање: „Дали може да се постигне џентлменски договор записникот што ќе се гласа заедно со тонскиот запис да се објави на WEB страната на Советот, како што е во Република Албанија, дека ќе биде многу чисто и ќе нема повеќе ,кажав, не кажав, тонскиот запис ќе биде и кој кажал, тоа кажал. Побара да се проверат можностите и ако има можност тонскиот запис да се стави.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека веќе е во тек да се обезбедат финансиски средства, дека и треба мала помош, дека мисли дека технички услови сега нема но се работи, за месец, два сигурно ќе има повратно и тоа е единствено добро решение. Дополни дека сепак ќе мора формално да се усвои записникот бидејќи таков е законот или може до тогаш да се смени законот па да се објавува само тонскиот запис.

**Членот на Советот Миљазим Мустафа** истакна дека во моментот ја гледа WEB страната на Советот и забележал дека го нема огласот кој е објавен за академците. Во таа насока постави прашање: „Дали станува збор за технички пропуст или има нешто друго зошто огласот е тргнат од WEB страната?

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара по однос на ова прашање да се произнесе генералниот сектетар на Советот Весна Толева

**Генералниот секретар на Советот Весна Толева** истакна дека огласот е објавен и дека во моментот стои албанскиот дел на огласот, а македонскиот го нема, а заедно биле објавени. Истакна дека дала задача до ИТ да се провери за што станува збор,

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара од генералниот секретар по проверката да и бидат доставени информации и известување и да и се достават изјави зошто е избришан македонскиот дел од огласот.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стефкова** побара произнесување дали може да се дефинира кога ќе биде наредната седница, бидејќи има закажани работни посети и потребно е да се усогласат  со термините.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека претходно споменала, но очигледно не била слушната, 26-ти 04., ако одговара  бидејќи поради зголемени активности друг термин нема и дека седницата генерално ќе биде за преставки и нешто друго, но преставки ќе има секако.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави повеќе за збор **Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпен дневниот ред на 437-та седницата и истата е завршена во 13,43 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Емилија Николиќ, државен советник
**Одобрил:** Весна Толева, Генерален секретар